**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,21 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓорѓи Оровчанец, Анита Кипаризовска Крстевска, Радмила Шеќеринска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Рецепи, Елмазе Селмани, Љубчо Ѓорѓиевски, Абдулади Вејсели, Лилјана Поповска, Фијат Цаноски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Зумрете Јакупи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата од системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни само 60 пратеници, би ги замолил уште еднаш пратениците кои се надвор од салата да велзат во салата.

Во меѓувреме процедурално бара збор господинот Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Било традиција и мислам дека би било во ред, како што до сега се работело од страна на претседавачот на Собранието, но и во други случаи, бидејќи претседателот на Собранието треба точно во 11,00 часот да биде во салата. Бидејќи тој е избран од наша страна, треба да има почитување кон пратениците.

Ние неколку пратеници, без оглед дали сме од позиција или од опозиција чекаме тука речиси половина час да дојде претседателот на Собранието. Затоа велам дека е добро претседателот на Собранието да биде тука точно во 11,00 часот, да констатира дека нема кворум и да даде пауза, за да можат пратениците после 30 минути или еден час да дојдат во салата. Мислам дека во иднина, бидејќи се бара пратениците да бидат во салата, тогаш како почит кон пратениците и претседателот треба да биде во салата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи во 11,00 часот имаше 72 потпишани пратеници, за тоа ние решивме да почекаме пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни над 64 пратеници, така што констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално за збор се јави господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, со оглед на новонастанатата состојба, сакам да ве информирам вас и моите колеги пратеници, пошироката македонска јавност дека од денес ќе настапам како независен самостоен пратеник, слободен Социјалдемократ.

**Бесим Догани:** Благодрам господине Рахиќ.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

Записниците од 24-та и 46-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки? (Нема).

Констатирам дека записниците од 24-та и 46-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Согласно договорот со координаторите на пратеничките групи, Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на РМ за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР - АЛТЕА, ќе биде разгледан на оваа седница.

Пратениците Оливер Шамбевски, Панче Дамески, Оливер Грковски, Зоран Петрески, Гоце Марковски, Илија Димовски, Александар Николовски и Александар Спасеновски предлагаат по итна постапка на оваа седница да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за ловството.

Предлогот на пратениците ви е доставен.

Молам еден од прадлагачите да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам потпретседателе.

Итноста на оваа точка, овој закон да биде денес поставен на дневен ред е самата ситуација на теренот, бидејќи во 2004 година, со донесување на Законот за заштита на природата укинати се неколку клучни членови од Законот за ловство и денес во Република Македонија имаме ситуација каде практично ниту имаме дефинирано што е тоа дивеч, ниту пак начинот на кој истиот може да се лови, ниту пак кој дивеч е заштитен а кој не. Во овој момент во Република Македонија практично имаме слободен лов на дивечот.

Имајќи предвид дека во нашата земја има многу врсти кои се загрозени или се на работ на истребување, цениме дека не треба ниту момент да се одлага ваквата ситуација и да се толерира и од тие причини бараме на денешната седница да биде поставена оваа точка.

**Бесим Догани:** Благодарам господин Шамбевски.

Предлогот на пратениците овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 72 пратеника, така што гласањето е валидно.

Гласале 53 пратеници, од нив 48 гласале за, воздржан 1, против 4.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Процедурално за збор се јави господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Јас имам намера да поставам една нова точка на дневен ред.

Почитуван Догани, почитувани пратеници, во последно време во пошироката јавност, почнувајќи од парламентарните седници, но и надвор од нив се случија неколку настани или декларации кои бараат едно објаснување од пошироката јавност или на начин Парламентот да формира една комисија која ќе ги верификува сите декларации искажани јавно, било во Парламентот или надвор од него и на тој начин јавноста да не биде во забуна за развојот на политичката состојба во Македонија. Затоа јас придржувајќи се кон членот 72 од Деловникот за работа на Собранието и членот 66 за дополнување на дневниот ред, предлагам овој Парламент да формира комисија која ќе може да го верификува или да излезе со официјален став на Парламентот за да им објасни било на пратениците во Парламентот, било на пошироката јавност во Република Македонија за неколку изјави, декларации и настани кои се случија во Македонија.

Како прва точка која треба да се објасни е киднапирањето на заменик директорот на МРТВ, господинот Назим Буши кој со своите декларации нагласува дека едно такво киднапирање е направено од официјални лица на МВР и ние и ден денес немаме објаснување и обелоденување на овој злучај.

Како втора точка е исто така декларацијата искажана од говорницата на овој Парламент, од страна на пратеникот Шабан Салиу кој нагласи дека нему некој му понудил еден голем износ, вртоглав износ од еден до три милиони евра за да направи политички трансфер.

Имаме исто така и декларација и од други пратеници во овој парламентарен состав, како што е изјавата на координаторот на пратеничката група на ДПА, господинот Ружди Матоши кој јавно изјавува дека парламентарната група на ДУИ е организатор на многубројни убиства во Република Македонија.

Исто така имам и една декларација од госпоѓа Флора Кадриу која изјави дека ДУИ, неговите членови ја отпочнаа војната во 2001 година, не за интересите на Албанците, туку соработувала со политиките сили на СДСМ.

На овој начин сакам пошироката јавност да се ослободи од една создадена збуна.

Јас барам во име на парламентарната група ДУИ-ПДП, да се формира една комисија и да се објаснат овие прашања.

**Бесим Догани:** Вие знаете дека според член 66, вие сте должни во писмена форма да кажете зошто вашето барање е итно и неодложно. Вие тоа не сте го направиле, така што и ако дискутираме за оваа точка, без пишани материјали, ќе биде многу тешко и за нас да се објасниме како пратеници. Затоа би ве замолил вашето барање да го направите во писмена форма, да го доставите и веројатно на некоја идна седница ќе одлучуваме по оваа точка.

Процедурално за збор се јавува господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседателе, почитувани министри,

Се јавив процедурално и би сакал доколку е можно во текот на оваа седница да се подготви изменување и дополнување на законот за регистрирање на финансиските плаќања, бидејќи знаеме дека од вчера од 1 јули, стапи на сила потребата од фискализација на зелените пазари и затоа денеска имаме реакција на пазарџиите.

Постои една неусогласеност помеѓу два закона а тоа е Законот за трговија, Законот за регистрација на финансиските плаќања. Во Законот за трговија, на барање на Министерството за економија, се внесе одредба со која што се обврзува организаторот на пазарот да обезбеди фискални апарати за оние кои што ќе ги користат услугите на пазарот. А во Законот за регистрација на финансиските плаќања стои дека фискален апарат треба да обезбеди оној што ја регистрира фирмата. Бидејќи по основ на првиот закон, јавните претпријатија кои се најчесто корисници или сопственици на пазарите, не распишаа тендери, не можат да обезбедат фискални апарати, а од друга страна постои неусогласеност на законите, а знаеме дека има реакции во кои што се бара пролонгирање на рокот, би замолил, дали може на оваа седница по иста постапка да се внесе измена и дополнување на Законот за регистрација на финансиските плаќања, во кои што рокот за фискализација ќе се одложи за уште шест месеци, се додека не се усогласат овие закони, додека не се најде правилно решение на овој проблем.

Мислам дека оваа ситуација во моментот не му користи никому. Имаме затворени пазари и граѓаните не можат да сиги задоволат своите потреби од пазарот, а пазарџиите не можат да работат, да остваруваат егзистенција. Мислам дека грешката е повеќе во системот и би било добро рокот да се продолжи, како би можеле овие прашања кои што висат, и кои се пречка за

реализација да се разрешат во еден догледен период. Затоа би било добро самиот рок да се пролонгира и да се продолжи со преговорите помеѓу Владата и претставниците на зелените пазари. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Вашето барање е упатено до Минситерството за финансии. Ние немаме претставник, така да не знам како би го поставиле ова.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Бидејќи колегата Николов го постави ова прашање, парламентарната група на ДУИ ПДП имаат понудено Предлог закон, по однос на употребата на фискалните каси, каде што се однесува исто така со она што го рече пратеникот пред мене, на еден поинаков начин да се регулира плаќањето на оние кои што работат на пазарните тезги. Воопшто тезгите дали на пазар, или на зелените пазари, или пак на останатите пазари, каде што реално, немаат можности да имаат фискални каси, но тие се подготвени, бидејќи реализиравме средби со нив, односно со претставниците на тезгаџиите и тие се подготвени не само да го плаќаат тоа што и припаѓа на државата, туку истовремено, со она што ќе се предложи, или денеска што го предлагаме ние со Предлог законот, да биде на дневен ред, ќе се разреши прашањето на вработувањето, на 80 илјади лица кои работат на тие тезги, така што, да бидам поконкретен, ние бараме нашиот Предлог закон, кој што го дадовме со забрзана процедура да влезе на дневен ред, бидејќи ситуацијата е алармантна во односна тезгаџиите, и за тоа барам да се реши тоа.

**Бесим Догани:** Господине Марјанчо, дали се согласувате предлогот на пратеничката група на ДУИ да биде некаков компромис помеѓу она што го баравте и вие.

**Марјанчо Николов:** Господине потпретседателе, би било добро да се најде решение, затоа што мислам дека онака како што сега се поставени работите, законски повеќе внесуваат недоразбирање, отколку што нудат некое решение. Има многу отворени прашања за ова што е законски планирано да се спроведе и би било најдобро да се седне, да се одложи целата постапка, како би се нашло соодветно решение Вака, мислам со овој инат што го тера Владата не можеме никаде да стасаме. Ако се прифати предлогот на пратеничката група на ДУИ би било во ред, но мислам дека треба под итно треба и Собранието да расправа за оваа работа, бидејќи не може практично ова да проифункционира, да трпат и граѓаните и оние што егзистираат од продажбата на свои производи на пазарот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Предлогот на господинот Алити, односно на пратеничката група на ДУИ, нивниот Предлог закон да се разгледа на денешната седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 72 пратеника, за гласаа 33, воздржано 2, против 37.

Констатирам дека предлогот не е прифатен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Повелете господине Алити, процедурално.

**Рафис Алити:** Господине Догани, бидејќи резултатот од гласањето е тесен кој се предвидува со Деловникот, значи, помалку од пет пратеници, беше разликата, барам за ова прашање, бидејќи е од интерес на сите пратеници, без оглед на позиција опозиција, барам да се гласа поединечно.

Значи барам поименично гласање.

**Бесим Догани:** Господине Алити, разликата беше четири пратеника.

Господине Алити гласањето е валидно. Продолжуваме.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на ЕУ, во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА;

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, неговите делови и компоненти и муниција, која надополнува Конвенцијата, на Обединетите нации, за борба против транснационалниот организиран криминал, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за волонтерство, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за мирно решавање на работните спорови со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување дополнување на Законот за договорен залог, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за обезбедување на побарувањата, со Предлог на закон;

8. Предлог на закон за меѓународно приватно право;

9. Предлог на закон за малолетничка правда;

10. Предлог за донесување на закон за водите;

11. Предлог за донесување на закон за државно правобранителство со Предлог на закон;

12. Предлог на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај;

13. Предлог за донесување на закон за безбедност и здравје при работа со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица на Република Македонија, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за инвалидски организации, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за чек, со Предлог на закон;

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ловство;

21. Извештај за имплементација на одлуките на Европскиот суд за човекови права на Комитетот за правни прашања и човекови права на Парламентарното Собрани на Советот на Европа;

22. Годишен извештај за работењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци во 2006 година.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеника. За гласаа 57, воздржано 6, против нема.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на ЕУ, во Босна и Херцеговина ЕУФОР АЛТЕА.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Ппроцедурално се јави господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитуван потпретседателе, сакам да поставам, или да добијам објаснување од вас, во однос на претходното гласање што го реализиравме.

Значи, ние само што гласавме со еден глас од мнозинството за закон кој се однесува за ловството, значи за прашањето во однос на реглирањето на ловството во процедурата ние прифативме тоа да биде забрзана процедура, затоа што еден дел на дивечот, значи, во празнината на законодавството се предлага да се изнајде решение тие да не се убиваат, или да не се истребуваат на нашите македонски простори. Ние сите ја поддржавме оваа загриженост на неколку пратеници, имајќи го предвид аргументот кој што го кажаа и сите сме свесни. Веднаш по тоа се предлага за една категорија, која случајно се луѓе кои денес протестираат на патиштата во Скопје и кои бараат едно по соодветно разрешување на прашањето, во однос на плаќањето на нивната услуга на зелените пазари и со писмен предлог закон даден овде во Парламентот и парламентарното мнозинство, за жал, не најде за сходно нитгу да дебатира по ова прашање, кое што предизвика и револт на голем број од овие луѓе кои се заинтересирани. Исто се однесува и за останатите граѓани, кои што се за услуга, за еден јавен пазар, а парламентарното мнозинство не го поддржува овој закон, или да остави простор за разговор, заради разрешување на ова прашање. Може да се и знајде и како што рече господин Никола да се хармонизираат овие работи. Мислам дека со прифаќањето на оваа точка може да се разреши ова прашање. Но, за жал, ова не е направено. Според Деловникот, по усвојувањето на дневниот ред, мислам дека вие како претседавач на седницата требаше да прашате, дали има предлози за изменување или дополнување на дневниот ред, откако бил прифатен. И со гласање, исто така да дојдеме до заклучок. Но, мислам дека е направен еден непринципиелен начин на парламентарното мнозинство да не се поддржи овој закон, кој што ќе третира по оваа жешка точка. Знаеме дека протестираат луѓето надвор и да се најде соодветен излез за ова прашање.

Затоа барам објаснување дали постои можност, врз основа на Деловникот да се реализира правото да се дополни дневниот ред со ова прашање. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Вашиот предлог што го дадовте како пратеничка група, јас не можам да влијаам на пратениците да гласаат за или против. Што се однесува до процедурата, вашиот предлог доби само 33 гласа. Според членот 93, јасно кажува дека ако се работи до пет гласови повеќе или помалку од 41, математика знаете, 41, 33.

Што се однесува до другиот дел, јас го ставив дневниот ред на гласање. Вие знаете дека на секоја седница кога има барање за изменување и дополнување на дневниот ред, се дискутира, се пријавуваат. Немаше пријавени, за тоа јас продолжив со првата точка од дневниот ред. Мислам дека така треба да продолжиме, да не правиме маркетинг од ништо.

Повелете господине Азис Положани.

**Азис Положани:** Мислам дека не е маркетинг да побараш да се изјасни Парламентот за состојбите кои што сега ескалираат во градот и каде што има толку луѓе што протестираат, а да прифатиш по итна постапка да ги чуваш волците. Мислам дека

и тоа можеби е возвишено и мислам дека ако тоа е маркетинг, ова не може да биде маркетинг.

Второ, процедурално, вие не прашавте дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред. Вие тоа не го прашавте. Тоа беше мојата главна процедурална забелешка.

**Бесим Догани:** Да, вашата главна забелешка, која ја кажавте на крајот за 20 секунди, а три минути зборувавте непроцедурално. Во ред.

Заменик министрот за одбрана има збор по првата точка, повелете.

**Илјаз Халими:** Ви благодарам. Се однесува за потребата за донесување на одлука, од страна на Собранието на Република Македонија за испрашање на единица на Армијата на Република Македонија, за учество во мировна операција на ЕУ на ЕУФОР АЛТЕА. Значи, се работи за редовна, нормална ротација, за период од шест месеци. Оваа единица треба да отпатува пред 15 јули о.г. Од Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии имаме добиено позитивно мислење, средства се обезбедени од стана на Буџетот на Република Македонија, така што, сите услови се исполнети за испраќање на оваа единица во оваа мировна мисија. Се работи за 21 лице припадници на Армијата на Република Македонија и тоа 11 офицери, 7 подофицери и 3 професионални војници. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Има збор господинот Лазар Китановски, повелете.

**Лазар Китановски:** Иако се работи за редовна ротација, сепак ставот на СДСМ е дека ја поддржуваме оваа мисија во Босна и Херцеговина. На тој начин сигурно и ние имаме корист и покажуваме спремност да партиципираме секаде каде што има потреба од присуство на единици од ваков тип и со тоа мислам дека придонесуваме за поголеа стабилност во случајот во Босна и Херцеговина.

Со тоа што јас би замолил ако може во иднина Министерството овие предлози да ги дава благовремено. Се случува скоро редовно да ги даваме на денот кога треба да замине единицата, или единицата е практично замината, да не вулгаризирам.

Малку е непријатно секогаш да се наоѓаме во цајтнут, се работи, сепак за една сериозна мисија. Тоа станува случај со нашите мисии во Ирак и во Авганистан, нека биде 15-тина дена порано, бидејќи ротациите се знаат, терминолошки како оди таа работа. Би упатил една молба предлогот за следните ротации да биде благовремено доставендо Собранието, да не бидеме секогаш во еден цајтнут. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејки повеќе нема пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на одлуакта гласале 70 пратеници. Сите 70 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина Еуфор Алтеја.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, неговите делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема приајвено за збор  го заклучувам претресот и на Собраниетому предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието гоусвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, неговите делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници и сите 67 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници и сите 62 гласале за.

Констатирам дека е усвеон предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Прелдогот на законот гласале 64 праеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, неговите делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал, со Предлог на закон.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македнската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема приајвено за збор го заклучувам претресот и на Собраниетому предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието гоусвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу македнската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници и сите 64 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници и сите 67 гласале за.

Констатирам дека е усвеон предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Прелдогот на законот гласале 64 праеници и сите 64 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе закон за ратификација на Договорот меѓу македнската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот.

**Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за волонтерство, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворм претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор:

Има збор минситерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупчо Мешков:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Практично во нашето законодавство, во Република Македонија до сега ваков законнемаме, значи ова е прв закон кој што треба да го регулира волонтирањето. Значи, до сега не можеме да се пофалиме дека овој процес е присутен, од нормативен аспект регулиран во Република Македонија, поради што доаѓаше и до различни сфаќања на поимот волонтирање, а исто така немањето на закон доведува и до одредена погрешна примена на други законски прописи во делот на оданочувањето, во делот на примената на Законот за странци и т.н. Значи, со ова сакам да истакнам дека навистина постои потреба од донесување на еден ваков закон во Република Македонија.

Од истражувањата што се направени во нашата држава констатирано е дека добар дел,околу 10% од работоспособното население во Република Македонија се занимава односно го практикува волонтирањето и волонтерството, но без притоа да се имаат предвид правата и обврските на волонтерот или на работодавачот на лицата кои практично кај себе ги примаат на обука овие волонтери.

Обврската за донесување на еден ваков закон е исто така и од аспект на програмата на Европската комисија и исто така произлегува од Националниот план за развој на волонтерството во Република Македонија.

Со овој закон практично се овозможува на младите луѓе, на граѓаните на Република Македонија во процесот на волонтирање да се стекнуваат со одредени стручни знаења, способности кои што понатаму во текот на работењето ќе им бидат потреба.

Волонтирањето не е врзано со плата, не е врзано со паричен надоместок, но за време на волонтирањето се обезбедува осигурување на лицата кои волонтираат во случај на несреќа на работа или професионална болест, се овозможува да добиваат превоз за доаѓање и одење од работа таму каде што волонитираат и надоместоците за исхрана. Исто така од овие давачки се ослободуваат работодавачите од плаќање на персоналниот данок.

Во законот за волонтирање се кажани точно кои се обврските на волонтерот, кои се на работодавачот. Пропишана е постапката на волонтирање, како се регулира времето на волонтирањето, се издава посебна волонтерска книшка во која што работодавачот го регулира односно го евидентира времето на волонтирање.

Пропишани се и парични казни за оние кои што нема да се придржуваат на одредбите на овој закон.

Исто така со законот се регулирани и субјектите кои можат да примаат волонтери кај себе, а тоа

можат да бидат сите само не организациите, фирмите кои што остваруваат профит во своето работење. Тие не може да примаат волонтери, а оние органи кои ќе можат кај нив да примаат волонтери во текот на годината се должни да изготват програма за потребата од волонтирање во која што ќе кажат колку имаат потреба во текот на годината, кои профили на волонтери ќе ги бараат и т.н. Значи, да не биде тоа стихијно кој како во текот на годината ќе му текне, туку да биде на основа на една програма која ќе мора органите на државната влст, или други непрофитни организации да ја донесат таквата програма и однапред да се знае колку луѓе во текот на годината ќе волонтираат.

Се разбира дека се склучува и договор помеѓу работодавачот и волонтерот за извршување на волонтерска работ аи содржани се други одредби во законот кој се неопходни за овој процес, значи да биде и законски регулирано нормативно, а не како до сега без постоење на закон.

Благодарам, толку накртако што беше потребно да се даде образложение.

Инаку, би ја замолил службата на Собранието ако може во иднина порано да ги добиваме амандманите на законите со оглед на фактот дека многу доцна ги добиваме, еве на пример се погоди да имаме пет закони од исто Министерство, да бидат над 100 амандмани и времето беше навистина малку за да може да се обрне внимание на амандманите.

**Бесим Догани:** Благодарма господине министер.

Дали некој од пријавените е за реплика?

Сите се за збор.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повлете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Пратеничката група на СДСМ ќе го подржи донесувањето на овој закон од причини заради кои што го подржуваме овој закон е прво и оснвоно што исполнуваме една обврска поставена од Европската комисија за приближување на нашето законодавство кон европското во овој дел, затоа што од одговорите на прашалникот една од забелешките на Европската комисијата е што е можно побрзо и на појасен начин да се уреди прашањето околу волонтирањето, а и секако потреба е во Република Македонија, затоа што во моментот има млади лица кои што волонтираат во разни организации и институции, државни, владини и невладини и мислам дека ова е добар обид да се направи нешто, да се уреди статусот и положбата на волонтерите, и секако и правата и обврските на волонтерите. Мислам дека за тоа нема дилема.

Меѓутоа читајќи го законот јас како пратеник согласно овластувањата што ги имам според Уставот и Деловникот поднесов неколку амандмани кои што се во насока на подобрување на текстот и допрецизирање на текстот на законот. Јас очекувам дека овие амандмани министерот ќе ги прифати, а се однесуваат на доуредување на статусот волонтер односно волонтерскиот стаж на младите лица кои што волонтираат според овој закон да се смета за работно исксутво. Зошто? Затоа што аконашава држава не може веднаш да обезбеди вработувања на безброј млади стручни кадри кои што успешно волонтираат во тие институции тогаш се би било стажот на волонтирање да им се признае и да им се заведе во волонтерската книшка како работно искуство, за да би можеле покасно тие да конкурираат или да аплицираат за работни места во институциите на државата и надвор во приватниот сектор, затоа што имајки во предвид дека голем број на млади лица и после наполнети 30 години не можат да остварат ниту еден ден работен стаж, мислам дека фер би било да го разграничиме со овој закон работниот стаж со работното исксутво, за да имаат можнот младите лица и ова покасно да им служи како еден од условите исполнети за вработување.

Секако дека тука има опасност од злоупотреба на овој институт која што ќе го воведеме со овој закон,но мислам дека со другите амандмани кои што сумги предложила ќе се реши и овој проблем на начин што Министерството ќе води строга контрола на волонтерскиот стаж и ќе бидат предвидени и казнени одредби или строги казни за организаторите на волонтерскиот стаж.

Значи, уште еднаш ние како СДСМ го подржуваме донесувањето на овој закон и ќе гласаме за донесувањето на овој закон но бараме министерот, или предлагаме министерот да ги прифати овие амандмани затоа што е во насока на подобрување на текстот на законот и секако на решавање на еден од горливите проблеми со кои се соочува младата популација кај нас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарма госпоѓо Иванова.

Има збор господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитувани министри.

До сега во Република Македонија не постоеше закон со кој целосно се регулираат прашањата пворзани со волонтерството. Нејаснотитие и забуните постојат и околу појмовното дефинирање на волонтирањето, волонтерската работа и волонтерите.

Појмовната збрка, како и законската недореченост рефлектираат состојба на недоволна и конфузна промоција на волонтерството и во граѓанскиот сектор кој што најчесто го промовира волонтерството,но во сит е сегменти од општествениот живот каде волонтерството станува неопходен и неоспорен фактор на дејствување.

Денешниот Предлог на закон за волонтерство е резултат и на превземените обврски на Владата на Република Македонија вонапорите за

полноправно членство во Европската унија, но и во делот на остварувањето на препораките, резолуциите и декларациите и на Обединетите нации и на Советот на Европа.

Република Македонија на планот на волонтерството до сега препознаваше одредени организациони форми, повеќе атхок неорганизирани форми и најчесто препознаено волонтерство преку се почести форми во реализациите на определна помош или донација.

Една од причините за волонтирањето која најчесто егзистира по маргините на општеството се сметаше дека е и недостатокот од законска регулатива која ќе ги уреди состојбите поврзани со волонтерство. Во Република Македонија паралелно се користат термините волонтер, практикант, стажант и до сега не се правеше разлика помеѓу лица кои даваат услуги на доброволна основа и без финансиски надоместок. Во отсуство на целосна соодветна законска регулатива беа издавани прирачници, упатства и принципи за работа на волонтерите. За разлика од кај нас, во најразвиените земји во светот без исклучок волонтирањето се смета за камен темелник во напредокот, но и опстанокот на секоја цивилизација, доминантен модус на дејствување на граѓанскиот сектор, непрофитен, неплатен и некариеристички модел на дејствуање на поединци и групи кои работат на одредена добробид и за своите блиски, за заедницата во која живеат, но и за општеството во целина.

Општоприфатена е на секаде дефиницијата дека волонтерството подразбира доброволно давање на лични услуги, снаги и вештини во корист на други лица,органи, исnтитуции и друго без надоместок. Во англосаксонската терминологија волонтирањето се подразбира како дел од гранката на филнадропија во која одвоеното слободно време за доброволни цели не бара покритие во некаква чековна или било каква друга парична сатисфакција. Во Велика Британија на пример волонтирањето се движи во еден широк опсек, во одбрана на татковината на пример до развозување на децата кои собираат тениски топки на терените овие денови во Вимболдон. Кофи Анан во едно инспиративно интервју ќе каже за волонтирањето дека е ултимативен израз на се она што претставуваат Обединетите нации. Факт е дека волонтирањето во светски размери не е само една појава, или инстант тренд, факт е дека глобалната слика и покрај сите нијанси на различна интерпретација го смета волонтирањето за принцип над принципите за модус вивенди кој така лесно ги приближува оценките на бруто општествените производи насекаде. Волонтирањето претставува неспорна акција во правец на амортизирање на сите видови баланси кои редовно ги имитираат таканречените подрачја или земји во развој. Волонтерските заложбина принцезата Дејана, или на најпроминентните рок ѕвезди од типот на Боп Гелдон, Фона Вокс или Ени Ленокс добиваат подеднаква важна политичка димензија како и редовните средби на врвот на групата Г-8 на пример. Волонтирањето станува доминантна сила во процесите на шекен баланс и на глобално и на ниво на локални заедници. Волонтирањето е елемент на кохезија во рамките на локалните заедници.

Тоа е неспорно, но истовремено емитира огромна мотивирачка енергија на планот на поедноставно и сосема рамноправно вмрежување на толку различен свет и на полов и на возрасен и на статусен план во рамките на модерното глобално село.

Оттука и резервите и предрасудите во многу посткомунистички земји кои во современиот волонтеризам препознаваат моменти од доброволниот комунистички менталитет на продуцирање на акцијаши и ударници.

Пред некое време во Прага баш по овој основ и на основа на овој менталитет осамна еден графит кој е многу индикативен вели: “Волонтери од сите земји обединетесе”. Тоа е последица на овој менталитет.

Волонтирањето во реалноста најчесто егзистира и функционира по рабовите помеѓу формалниот и неформалниот сектор на националните економииии во еден општествен лимбус простор кој секоја држава е добро законски да го дефинира и некако држи под контрола.

Волонтирањето во тој контекст не смее да биде пандан за било каква форма на експлоатација или за било каква форма на поефтинување на работната сила. Во тој контекст сите национални законодавства треба овие две опасности да ги имаат предвид при донесувањето на законската регулатива која ја регулира оваа материја.

Таква законска рамка имаат повеќето земји во Европа меѓу кои Италија се смета за модел парадигма на овој план. Законот за волонтери во Италија е донесен уште во 1991 година, а волонтерите се спомнати и во Уставниот закон на Италија од 2001 година. Италија се има изборено за своите волонтери да можат да добиваат така наречена волонтерска виза во многу поедноставена и брза постапка, што е еден од условите за мобилноста на волонтерите и за динамиката на овој процес.

Италијанскиот закон им овозможува на своите граѓани кои имаат наполнето 18 години можност за учество во меѓународни волонтерски проекти во просечно траење до две години, овозможувајќи им на заинтересираните редовни тренинзи за соодветна обука и обезбедувајќи им соодветна плата, што е пандан во дефинирањето на волонтерството во светот.

Во полска на пример постојат околу 30 илјади регистрирани непрофитни организации од кои 87% работат стрикно само со волонтери. Од 2003 година наваму Полска ова прашање го има регулирано исто така со закон. И покрај огромните показатели, потребата од волонтирање и во Полска и во Унгарија и во Чешка, според

истражувањата, доминантен модел на мислење е оној кој смета дека грижата за другите или грижата за еколошкото опкружување на пример треба да биде стрикно грижа на државата и на никој друг. Тоа се контроверзни рецидиви со кои се носат државите од поранешниот источен блок меѓу кои нам блиските Словенија и Хрватска.

Република Словенија има долга традиција на волонтирање. Взаемната помош е дел од словенечката традиција, посебно во руралните подрачја. Волонтирањето последните години е препознаено како активно средство во борба против сиромаштијата и социјалните разлики во Словенија, а носители на тој процес се најчесто Црвениот крст, Црквата и државните институции.

Со образовната реформа во Република Словенија волонтирањето им е препорачано и на основните и на средните училишта. Средношколците се обврзани на одредена форма на волонтирање, а за основците волонтирањето се смета како добра пракса. И на повеќе факултети во Словенија се донесени програми за волонтирање. Волонтери им помагаат на пример на послабите ученици, волонтери им помагаат на бегалците и азилантите подобро да се снајдат, волонтери им помагаат на ромски дечиња итн. Една седмица во текот на учебната година средношколците во Словенија се должни да волонтираат, а трошоците за тоа ги покрива нивното ресорно Министерство за наука, образование и спорт.

Република Хрватска својот закон за волонтирање го донесе некаде кон средината на мај значи пред неполни два месеци и заради блискоста на донесувањето на тој закон ќе се обидам на некој начин да ги споредам нивниот и нашиот закон, сметајќи ги на некој начин прилично слични, но има некои новости што хрватскиот закон ги носи, а ги нема нашиот закон.

Најпрвин стрикната дефиниција на начелата на волонтирањето кои се таксативно набројани, но и многу јасно одредени. Тоа се начелото на забрана на дискриминација, што кај нас е наведено само како член 9 од законот и е единствен наведен од начелата. Начелата на забрана на дискриминација на волонтерите и корисниците на волонтирањето посебно е издвоен, бидејќи е еден темелен принцип на Декларацијата на Обединетите нации за волонтирањето.

Понатаму начелото на заштита на корисниците на волонтирањето, начелото на забрана на искористување на волонтерите, начелото на посебна заштита на малолетните волонтери, начелото за едуцирање на волонтерите, начелото за заштита на лицата со делумна и потполна деловна неспособност, начелото на бесплатноста, доброволноста и солидарноста на волонтирањето, начелото на транснационалност на волонтирањето.

Хрватскиот законодавец сметал дека во законскиот текст треба да бидат вградени и прецизно дефинирани сите овие подрачја така битни за процесот на волонтирање, како и за државната и јавна администрација, така и за волонтерите во Република Хрватска со Законот за волонтирање е предвиден и етички кодекс на однесување на волонтерите, што на некој начин е и предност и јасно дефинирање на овие одредници, но и појасна перспектива за сите оние лица кои сметаат дека треба да волонтираат.

Она што го чини посебен хрватскиот закон за волонтирање е воведувањето на престижна државна награда за волонтирање која би била еден облик на признание и промоција на оваа дејност во една земја.

Во хрватскиот закон, за разлика од нашиот, е дефинирано што е тоа долготрајно волонтирање и сметам дека таква одредница може да се најде и во нашиот закон. Хрватите сметаат дека долготрајно волонтирање е она кое содржи најмалку 20 часа неделно волонтирање, три месеци без прекин. Таква временска одредница сметам дека како параметар можеше да се најде и во нашиот Предлог закон за волонтирање.

Нашиот закон е скоро најконцизен, се на се 25 члена дефинирани се сите поважни подрачја и ситуации кои ја чинат реалноста и потенцијалната состојба во волонтирањето во Република Македонија.

Волонтер, согласно членот 5, од овој закон, може да биде домашно и странско физичко лице, како и малолетно лице кое има писмена согласност од неговите родители или старатели.

Членот 6 ги одредува субјектите кои можат да бидат организатори на волонтерската работа, а тоа се здруженијата на граѓани и фондации, верските заедници и религиозни групи, јавните установи и органите на државната власт односно сите оние правни субјекти кои немаат претежна дејност за создавање на добивка или профит. Сметам дека овде предлагачот го има во еден од амандманите, требаше да нагласи дека организатори на волонтерската работа можат да бидат локалните и регионалните органи или органите на регионалната и локалната самоуправа со тоа што во законите кои пред некој период ги донесовме како што се: Законот за регионален развој, се дава задолжение кое може да ангажира приличен број волонтери.

Законот дава можност и странски лица да волонтираат во Република Македонија по претходно добиена согласност од Министерството за труд и социјална политика.

Во член 9 се предвидени основите за забрана од дискриминацијиа. Законот ги одредува правата кои ги има волонтерот, а тоа се праводо на надомест дефиниран во договорот помеѓу него - организаторот на волонтирањето, тоа се најчесто надоместокот за храна, патни трошоци, трошоци за службени патувања и трошоци за обука. Волонтерот има право на дневен одмор, на заштита при работа, на обука, на отсуство за време на волонтирањето ако за тоа постојат

оправдани причини, има право на заштита на приватноста и личните податоци.

Волонтерот има и јасно определени должности од кои лојалноста кон организаторот на волонтирањето е одредена како законски став. Волонтерот е должен да ги чува доверливите податоци, информациите на организаторот, како и да го извести истиот за штетни последици со кои е запознаен и кои можат да настанат за организаторот, за него лично или за трети лица. Во тој контекст е одредбата од член 12 во кој се вели: волонтерот кој за време на давањето на волонтерската услуга намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета кон организаторот, должен е да му ја надомести штетата на организаторот, согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

Организаторот на волонтерската работа има обврски кон волонтерот кои се многу јасно дефинирани во овој закон од кои најинтересна е одредбата за издавање на волонтерска книшка која му се издава на волонтерот и во која се наведени сите поважни податоци, меѓу кои податоците за видот и времетраењето на волонтерската работа и видовите на обука со кои волонтерот се оспособил за време на волонтирањето.

Волонтерската книшка има  третман на јавна исправа, а организаторот е должен да води евиденција на волонтерската работа за сите волонтери.

Можеби предлагачот овде можел да оди на една похрабра законска одредница, а тоа е дека волонтерската книшка би била и од одредена препорака и предност при постојаното вработување кај организаторот кај кој се волонтирало.

Организаторот во врска со трошоците поврзани со волонтерската работа не плаќа персонален данок на доход, согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход.

Многу е важна одредбата од членот 17 од Законот во кој се вели: организаторот на волонтерската работа не смее да склучи договор за волонтерство со цел да се избегне склучување на договор за вработување. Ова е многу важна одредба која треба максимално да се почитува за да не се случат злоупотреби на волонтерствата т.е. да се случи волонтери да работат на места за кои постои потреба и професионална одговорност од постојано вработени лица.

Во корист на волонтерите е и одредбата од членот 18 која вели дека со склучувањето на договорот за волонтерство не се губат правата по основ на невработеност, што значи на волонтерите им следуваат сите права ако редовно се пријавуваат во Агенцијата за вработување до нивното постојано вработување.

Организаторот на волонтерската работа е должен со волонтерот да склучи договор за волонтерство во писмена форма доколку волонтерската работа трае повеќе од 40 часа месечно.

Ист таков договор може да се направи иако волонтерската работа трае помалку од 40 часа месечно.

Договорот ги содржи волонтерските работи и услуги кои се обезбедуваат, посебните права и обврски, начинот на осигурување, однапред дефинираните трошоци за волонтирање како и начините за престанок и раскинување на договорот за волонтирање.

Со овој закон Република Македонија несомнено прави уште еден исчекор во прилагодувањето кон западно-европското законодавство, но и кон општите светски трендови на почитување на принципи и вредности декларативно усвоени и во рамките на западно европските институции, но и во рамките на Обединетите нации.

Во општите декларации за волонтерство усвоени од Обединетите нации меѓу другото се вели дека оваа деценија се прогласува за деценија на волонтерите и граѓанското општество и дека нивен главен симбол во текот на целата декада ќе биде симболот црвено В, 2001 година беше прогласена за година на волонтерите, а 5 декември е прогласен за меѓународен ден за волонтерите.

Светските трендови покажуваат нагорна линија на вклученост на волонтерите во општествениот живот. Еден огромен процент од бруто општествените производи во многу земји се дело на работа на волонтерите. Во посткомунистичките и балканските земји процентот на луѓе кои волонтираат или би волонтирале е сеуште многу мал и се движи некаде меѓу 5 и 10% и тоа најмногу кај младата популација.

Волонтирањето треба да биде предизвик за сите не само за младите. Но, е неизоставен и тесно поврзан со сите останати општествени, посебно економски текови. Волонтирањето не може да биде издвоен сегмент од останатите општествени текови.

Во земјите во кои е изразен понизок стандард на живеење нормално е луѓето да имаат примарна задача најпрвин да си обезбедат основна егзистенција. Во земји во кои пензиите се високи нормално е дека пензионерите би имале и сатисфакција и би се осеќале многу корисни ако дел од  своето време го искористат и за волонтирање.

Верувајќи дека нашата земја вистински оди по патот на глобалните светски трендови и текови му давам поддршка на Предлог законот со надеж за негова вистинска и добра примена. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шутаров.

Има збор господинот Дарко Димитриевски, повелете.

**Дарко Димитриевски:** Почитуван потпретседателе на Собранието на Република

Македонија, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Волонтерството во Република Македонија до сега не е уредено во прцизна законска рамка, така што се појавуваат големи неправилности во примената на постоечките закони кои на некој начин ги уредуваат прашањата кои се однесуваат на волонтерството.

Токму регулирањето на статусот на волонтер и разрешувањето на постојните проблеми и дилеми околу волонтерството ја наметнаа потребата од донесување на закон за волонтерство.

Волонтерството претставува некоја доброволна активност која е од интерес за Република Македонија и придонесува за подобрување на квалитетот на животот за која активност не се наплатува надомест.

Според некои истражувања спроведени од Центарот за институционален развој во Република Македонија околу 10% од населението волонтира додека согласно проектот за споредбени истражувања 2003 Џон Хопкинс во 35 земји во кои било спроведено истражување, волонтерите претставувале приближно 43% од работниците на граѓанското општество.

Позитивните придобивки од лицата кои се занимаваат со волонтерство се однесуваат како на младите така и на старите лица. Младите лица се стекнуваат со одредени знаења, вештини и способности кои можат да бидат подготвени за одредени вработувања, додека постарите лице преку волонтерството ќе се чувствуваат дека се корисни за општеството и дека нивниот труд и ангажман и на постари години ќа се вреднува односно цени.

Согласно законот за волонтерство, волонтер може да биде домашно и странско физичко лице. Како субјекти кои можат да организираат волонтерска работа можат да се јават здруженија на граѓани и фондации, верска заедница и религиозна група, јавна установа и орган на државната власт.

Странско лице може да волонтира во Република Македонија само ако има обезбедена согласност од Министеството за труд и социјална политика и ако има регилиран престој во Република Македонија.

Почитувани пратеници, исто така со законот за волонтерство предвидена е и забрана за дискриминација по сите основи кога се врши волонтерската работа, како и правата и обврските на волонтерот и организаторот на волонтерството.

Со странското физичко лице организаторот на волонтерската работа е обврзан да склучи договор за волонтерство без оглед на времетраењето на волонтерството. Додека, домашно физичко лица обврска да се склучи договор има доколку волонтерската работа трае повеќе од 40 часа месечно. Со законот се предвидени и условите кога договорот за волонтерство престанува, а како значајна компонента која треба тука да се напомене е тоа дека изричито се забранува склучување на договот за волонтерство се со цел да се избегне склучување на договор за вработување.

Евиденцијата за волонтерската работа е должен да ја води организаторот на волонтерската работа, како и обврска на организаторот на волонтерската работа е на волонтерот да му издаде волонтерска книшка која ќе содржи одредени податоци по однос на волонтирањето.

Со Предлог законот за волонтерство регулирани се и други прашања како на пример кој врши надзор над одредбите од овој закон. Паричните казни кои можат да се изречат на организаторот на волонтерската работа, како и на волонтерот во случај на прекршок на одредбите на овој закон, како и ред други прашања кои се однесуваат на регулирањето на волонтерството.

Донесувањето на законот за волонтерство има за цел надминување на постојните пречки кои се јавуваат во волонтерството како и создавање на услови за поттикнување на волонтерството.

Токму во тој контекст е и препораката 1496 од Генералното Собрание упатена до комитетите на министри да побараат од секоја земја подобрување на статусот и улогата на волонтерите во општеството.

Токму во таа насока и цел јас ќе го поддржам овој закон и ќе гласам за него. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димитриевски:

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министре,

Навистина ми е драго што денеска на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за волонтерство. Бидејќи нашиот правен систем нема ваков закон, а исто така многумина од нас биле волонтери во одреден период од својот живот, ја познаваат корисноста на таквата работа, полезноста на таквата работа и за нив како единки и за општеството, меѓутоа, позната им е правната рашомонијада од терминолошка, па до евидентициона на она што вие сте го одработиле како волонтер.

Токму од таа причина јас давам поддршка на донесувањето на овој закон и би сакала да искоментирам неколку работи.

Прво, ова е обврска која сме ја презеле со исполнувањето на Прашалникот и преземањето на она што ние како обврска ќе завршиме за наше зачленување во Европската унија, меѓу кои и регулирање на овој дел од нашиот правен систем односно волонтерството.

Друго, би сакала да ги искоментирам решенијата, некои од решенијата во Законот, иако јас во принцип сум пратеник кој исклучиво поддржува носење на закони во нормална, редовна

процедура, односно во фази. Овде се работи за закон од 25 члена, меѓутоа, тоа не е оправдување законот да оди во една фаза, бидејќи и 25 члена се доволно за да се отвори јавна расправа по една да речам област која се регулира како што е волонтерството, бидејќи до сега кај нас ниту била регулирана, а уште повеќе предизвикувала збрки во функционирањето на волонтерската работа. Токму од тие причини ценев дека треба да оди во фази, меѓутоа тоа е веќе завршена работа, Министерството односо Владата се одлучила да овој закон оди во скратена процедура.

Сега јас би сакала да искоментирам неколку членови. Да кажам дека волонтерската работа пред се е на доброволна основа и дека е без надоместок. Меѓутоа, често кај нас се врќи забуна меѓу волонтерскиот стаж и волонтерската работа и овде во членот 3, во неговиот трети став јасно се искажува дека се прави разлика на волонтерски стаж кој е регулиран во Законот за работни односи, кој е предуслов за да речеме еве кај правниците волонтерскиот стаж и број на години волонтерски стаж како предуслов за полагање на правосуден испит. Ако немате работно искуство, тогаш волонтерскиот стаж ви се верификува како работно искуство за да можете да полагате правосуден испит. Меѓутоа, и таму не е регулирано да ви се земе предвид како работно искуство односно при вработување. Исто така и во овој закон при волонтерската работа никаде не сретнав дека покрај општокорисната работа на волонтерското работење некаде во некое идно време на волонтерот ќе му се земе предвид како негово работно искуство при некое идно вработување.

Поддржувам тоа што се прави јасна дистинкција што е волонтерски стаж, што е волонтерска работа во членот 3. Меѓутоа, би сакала да искоментирам нешто околу договорот за волонтерство. Значи, овде се предвидуваат како ќе се постапува, кои се правата на волонтерот, кои се обврски на волонтерот, кои се права на организаторот на волонтерската работа, кои се негови обврски итн. сето тоа е за почит и за поддршка. Сега, доаѓаме до членот 14, договор за волонтерство. Во ставот 1 е предвидено дека организаторот на волонтерската работа ќе биде должен да склучи писмен договор со волонтерот за волонтерска работа, доколку работата трае повеќе од 40 часа. Во следниот став на истиот став вели “организаторот на волонтерската работа ќе може, што значи не ќе мора, да склучи таков писмен договор за волонтерска работа, доколку работата трае помалку од 40 часа”. Сега, тука се поставува прашањето, дали можеби ваквото решение не отвора простор за злоупотреба и дали несклучувањето на писмен договор значи и неевидентирање на волонтерската работа во неговата волонтерска книшка. Ако е така, тогаш ние сме отвориле врата за идна злоупотреба и со неевидентирањето на стажот на волонтерот, на она што значи негово времетраење на волонтирање во неговата волонтерска книшка. Значи, му даваме право на организаторот да каже дека сега ние 38 часа ќе трае работата или ќе трае 39 часа и затоа нема да склучиме писмен договор, затоа што викаме може а не мора и со тоа ги ставаме во нерамноправна положба волонтерите кои ќе бидат ангажирани повеќе од 40 часа и оние што ќе бидат ангажирани 39 часа. Бидејќи несклучувањето на писмен договор и оставањето на простор за можност за несклучување на писмен договор како обврзувачки, веќе го избегнуваме внесувањето на времетраењето на волонтирањето во книшката на волонтерот, а со тоа ја исклучуваме можноста на ресорното министерство да има контрола над работата на волонтерите, што си е пропишано понатаму во членовите дека ќе се евидентира во книшката, ќе има контрола, инспекторите ќе делуваат итн.

Јас навистина апелирам, ресорниот министер, мојот ценет колега Мешков до крајот на расправата да размисли за членот 14 ставовите 1 и 2 дали треба да се остави можност за склучување на писмен договор или несклучување за волонтерска работа помалку од 40 часа. бидејќи, веднаш ќе ги ставиме во нерамноправна положба волонтерите ангажирани еден час повеќе или помалку. Тоа е една од моите крупни забелешки. Како што кажав, тоа повлекува понатаму последиците околу евидентирањето и контролата на волонтерската работа. Јас не сакам да има никаква можност за никаква злоупотреба во овој закон.

Сега би се навратила на членот 17, го поздравувам дека изрично е кажано склучувањето на договор за волонтерство не смее да има за цел избегнување на склучување на договор за работа. Во членот 20 се вели дека волонтерската книшка е јасна исправа и дека таму се внесуваат податоци за волонтерот, за должината на волонтерската работа, видов на обуката во која волонтерот се оспособил за времетрањето на волонтирањето, тиие формата, содржината на волонтерската книшка, начинот на издавање, запишување на податоци итн., ќе го пропише министерот за труд и социјална политика и сето тоа е во ред. И, сега, се прашувам, ако, ова е како генерално прашање, волонтерската книшка е јавна исправа во која ќе бидат внесени податоците за што вие сте се обучиле како волонтер, колку време сте биле волонтер на одредена работа, а со тоа сте стекнале одредено искуство, дали таквата јавна исправа ќе можете утреба да ја искористите како доказ за ваша обученост за некое идно вработување. Ако е така, тогаш би требало некаде во овој закон или можеби во Законот за работни односи да стои, да, податоците од волонтерската книшка итн. Значи, сепак, постои поврзаност со вашата оспособеност за некое идно вработување. Да им дадеме шанса на младите луѓе обавувајќи општо корисна работа за заедницата, стекнувајќи одредено работно искуство во волонтирањето на разни нивоа да се

оспособат повеќе како личности и за некое идно вработување.

Законот ја има мојата поддршка, ценејќи дека овие мои искажувања што ги имав ќе ги има предвид ресорниот министер и можеби ќе искористи нешто од она што го укажав. Жалам притоа што законот не оди во две фази за до следната фаза да се размисли околу моите забелешки. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Мешков.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Ристанка Лалчевска.

**Ристанка Лалчевска:** Му благодарам на министерот за некои појаснувања околу некои мои дилеми. Познато ми е дека имаше јавна расправа пред да дојде законот во собраниска процедура, меѓутоа ако господине министре има законот 25 члена и ако пратениците поднесат некаде 12, 13 амандмани, што значи на половина од членовите на амандманите, мислам дека е доволен јасен сигнал, во секој случај подобро би било да се оди во две фази, затоа што тоа сигнализира дека има секогаш простор за подобри решенија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Збор има госпоѓа Валентина Божиновска. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Конечно еден закон кој навистина можеби како задача од Европската комисија можевме да го донесеме многу порано, но не е доцна го имаме со 25 члена. Се согласувам, да не се повторувам со останатите дискутанти, дека има во два члена сериозни отстапувања во смисла на можеби некакви идни злоупотерби од страна на работодавците. Но, мислам дека она што е искуство, сериозно искуство, особено од САД во која 80% од севкупното население апсолутно волонтира за да биде токму императивната форма во нивните закони и особено законот во Полска и во Чешка. Тоа значи дека идниот работодавец и тоа како како ја прегледува работната книшка на волонтерите со она дистинкција што е работенм стаж, а што е доброволна волонтерска работа, особено ги земата младите луѓе како нивна идна мобилизација, кои долг период волонтирале. Напротив, во Полска и во Чешка се прифаќаат оние луѓе на работа кои имаат долгогодишно волонтерско искуство. Тоа е едната работа.

Втората работа, се согласувам како што кажа министерот дека ние не можеме сега во императивна форма децидно да го ставиме тоа во законот, но можеме на пример да го допрецизираме во некој иден закон или со Законот за работни односи, бидејќи, впрочем, ми се чини дека задачата на Европската комисија е токму тоа, мобилизација на оној дел кој е невработен и мобилизација на волонтерскиот стаж, особено во делот на создавање на таканаречена работна книшка и запишувањето во неа.

Она што ми се допадна во обрзложението на госпоѓа Ристанка Лалчевска беше токму во делот на 40 часа, што помалку од 40 часа, дали тоа ќе значи дека е можна злоупотреба на работодавецот, а тоа значи дека се што е помалку од 40 часа, постои услов да не биде запишано во работната книшка или ќе мора да биде запишано.

Затоа во делата на казнените одредби има амандман кој се однесува на членот 22, за кој навистина мислам глобата во износ од 500 до 1.000 евра е навистина минималистичка во однос на тоа колку може да се употреби волонтерската енергија во волонтерската работа, особено на младата популација, која во Македонија е накаде околу 10%, јас мислам дека после овој закон и тоа како би требало да имаме зголемување на волонтерската работа и на волонтерскиот стаж. Така во членот 22 имаме додавање на нов член 22-а кој гласи дека глобата од 1.500 до 2.000 евра треба да биде во денарска противвредност и да се изрече за прекршок на одговороното лице кое ќе го склучи договорот односно кај организаторот на волонтерската работа ако склучи договор, со цел да избегне склучување за вработување.

Јас незнам од кои причини можеби за тоа ќе поразговараме кога ќе ги разгледуваме амандмани во кои апсолутно членот дека може да има странски државјани за волонтерска работа, се согласувам и тоа е добро, бидејќи со облигационото право ќе можат и нашите млади луѓе да волонтираат во странство, во странски држави. Но, мислам дека пријавувањето е минималистичко во Министерството за труд и социјална политика, бидејќи знаеме какви се злоупотреби сме имале до сега и какви се злоупотреби би можеле во овој период да се направат во текот на волонтерското служење. Затоа, имаме еден нов амандман во членот 22 и во делот на член 8, во кој додаваме дека би било добро, иако странскиот државјанин ќе го има исполнето престојот согласно МВР и Законот за престој во Република Македонија, но би било добро да имаме и пријавување во МВР од некакви начелни злоупотреби, бидејќи во принцип имаме член кој укажува на тоа дека волонтерот и тоа како има задача за грижливо да чува доверливи податоци.

Во член 6 став 1 по алинеја 4 имаме додавање на делот од каде може да волонтираат. Мислам дека организатори на волонтерската работа е премногу малку да бидат само здруженија на граѓани и фондации, верски заедници и религиозни групи, јавни установи и органи на државна власт, имаме дополнување во кое велиме дека и тоа може да биде политички партии, единици на локална самоуправа и Градот Скопје, особено после Законот за децентрализација, во кој неминовно се бара волонтерско оправдување или волонтерска работа. Во секој случај мислам дека во дебатата

треба да се задржиме на овие два дела, а тоа е делот на заведување во работната книшка дали да биде помалку од 40 часа и она што е значајно дали тоа ќе биде предлог плус или плус добивка на младите луѓе, кои дополнително понатаму со повеќе волонтерски стаж ќе имаат право на побрзо вработување.

Благодарам на Министерството за труд и социјална политика за овој, би рекла, жителски закон во овој момент, крајно потребен, крајно насушен во Република Македонија, бидејќи сепак волонтерството е накаде 10 до 15% во нашата држава и особено затоа што сме во декадата на Ромите каде што голем број на волонтери од здруженијата и фондациите волонтираат, ќе им дадеме плус дополнителна недвојбеност, за работа во волонтерството. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска

Има збор госпоѓа Ајше Селмани. Повелете.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван господине Догани.

Вистина е дека во Република Македонија имавме голема потреба од еден закон, како што е законот за волонтерство. Волонтерството е еден добар начин за младите претходно да имаат едно практично искуство во врска со нивната професија. Иако немаше ваков закон до денес во Република Македонија, волонтаризмот постоеше. Но, сега мислам дека ќе биде подобр, бидејќи ќе се определат неколку права во врска со волонтаризмот. Освен предностите кои ги нуди овој закон, сите предности кои претходно ги спомна и господинот министер за труд и социјална политика, јас мислам дека овој закон има и недостатоци.

Една од пропустите што е направена со овој закон, мислам дека е тоа каде што не се спомнува никаде во ниту еден член од законот во врска со рокот кој ќе го определи точно колку време и колкупати има право еден работодавач или еден организатор на волонтерство да има волонтери. Ова го велам од причина што на овој начин како што е предвидено со овој закон, без да се определи рокот, мислам дека може да се злоупотреби овој закон од страна на организаторот на волонтерската работа.

Држејќи волонтери на неодредено време и вака ќе ја искористи можноста да не вработи работници со месечни плати и со социјално осигурување. Иако во членот 17 се споменува дека организаторот за волонтерска работа нема право да држи волонтери и да склучи договор за волонтерство со цел да се ослободи од договорот за работа. Но, не се прецизира точно колку има право да држи еден волонтер, или колку пати може да има волонтер. Затоа мислам би било добро да се интервенира на еден начин во измената на овој закон, определувајќи го точно рокот и колку пати има право една организација да има волонтери, затоа што на овој начин ќе се злоупотреби од нивна страна, од страна на организаторот, значи може да се случи еден волонтер да излезе и по него да земе друг волонтер и тн., последователно непрецизирајќи го рокот до кога има право да го прекине со работа на волонтери. Затоа ценам дека оваа моја интервенција министерот ќе ја земе во предвид и во меѓувреме ќе интервенира во овој закон.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Влада на Република Македонија. Навистина ми е задовлство денес да ги слушам колегите од Собранието на Република Македонија кои сите подеднакво застануваат зад еден законски проект што Министерството за труд и социјална политика го достави до нас соодветно маркиран со знаменцето на Европската Унија. Мене навистина ми е драго што овој пат навистина, министерот за труд и социјална политика пред нас нуди закон хармонизиран со европското право. И заради тоа како што нагласи и мојата колешка Цветанка Иванова, пратеничката група на СДСМ апсолутно ќе го поддржи ваквиот законски проект, особено заради тоа што се однесува на една општествено корисна активност како што е волонтерството. Центарот за институционален развој во Република Македонија за жал покажа една поразителна бројка. Во Република Македонија волонтерството како форма на општествена активност учествуваат со само 10% што е далеку под европскиот просек. Така што сметам дека со донесувањето на овој закон мора да се предвиди начин да се мотивираат граѓаните на Република Македонија да учествуваат со волонтерски активности особено заради тоа што секој од нас знае дека волонтерите и волонтерството секаде претставуваат огромен човечки ресурс, огромна човечка енергија и потенцијал со релевантно знаење и вештини кои се корисни за заедницата. И да не ризикувам да се повторувам, она што моите колеги пред мене навистина широко го елаборираа, сметам дека она што е битно, што е влезено и провејува во текот на целото законско решение, но не е прецизно. Прецизирано е фактот дека мотивирањето на граѓаните да учествуваат со волонтерска активност мора да биде имплицирано со фактот дека волонтерскиот стаж мора законски да биде прифатен и да се смета како работно искуство. Заради тоа ние и понудивме и амандмански интервениравме во предложениот закон. Убедена сум дека овој пат министерот ќе има разбирање и слух со оглед на тоа што навистина станува збор за значаен закон, навистина овој пат хармонизиран со законите кои ги презедовме како обврска пред Европската комисија.

**Бесим Догани:** Има збор господин Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседател на Собранието, почитувани пратеници, драго ми е што денеска во Парламентот на Македонија ќе дискутираме и

верувам дека ќе го усвоиме законот кој што е во согласност со европските стандарди, закон за волонтерска работа. Овој закон беше преку потребен, затоа што многу млади кои што дипломираат на разните факултети во времето кога тие ќе засноваат работни односи со одредени организации, тоа слободно време од нивна страна може да се искористи од професионален аспект и тоа што тие научија на факултет да не биде време кое што ќе се изгуби она што го научиле на факултетите, туку ќе овозможи со апликација на законот за волонтерство тие да учествуваат како млади луѓе кои ќе можат својата професија да ја применуваат на законски начин. На тој начин со усвојувањето на овој закон целото ова време кое што тие ќе го поминат во примената на практиката од факултетот до вработувањето е едно многу значајно нешто и нив ќе им овозможи на разните конкурси каде што се бара лицето кое што треба да заснова работен однос, претходно се бара негово искуство, а не стаж на работа. Значи, се прави разлика меѓи стаж за работа платено и искуството што младиот го добива за неговото време на работа како волонтер. Значи, многу е значајно во некои области од општествениот живот да се применува со закон, затоа што многу е значајно. Го земам примерот на здравството. Еден студент кој што ќе дипломира на Медицински факултет и по добивањето на дипломата се додека не се вработи редовно како доктор, да работи со пациенти, овој закон овозможува на секој кој што, значи тој младиот доктор, дипломиран доктор додека заснова работен однос да може да работи волонтерски, да работи со пациенти и таа работа ќе ја заштитува закон, здружението каде што работи, институцијата каде што работи здравствена и ќе ги има сите права и обврски како сите останати доктори се додека тој не го исполни одреденото време да даде професионален испит. Потоа тој ќе биде одговорен за себеси, за здравствената организација но и за законот.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Законот се разбира дека има елементи кои треба да се поддржат кои овозможуваат, да не цитирам тоа што во членовите 1,2,3 и 4 уредува. Меѓутоа сакам да укажам на следново дека законот содржи одредби имајќи предвид како оваа власт ја практикува власта, какво е историското искуство со нив и какво е искуството на однесувањето на оваа власт во првите 12 месеци, за една година од владеењето. Дека во членот 6 ставот 1 алинеите 3 и 4 кој вика дека организатори на волонтерската работа се јавни установи, органи на државна власт. А во врска со членот 10 ств 1 алинеја 8 која вели дека волонтер има право на надомест на однапред договорени трошоци врзани со волонтерството: храна, превоз, службени патувања, трошоци за обука наведени како пример, претпоставувам и други со оглед на тоа што не се наведени во заградата. А во контекст на член 13 ств 1 каде што организаторот на волонтерската работа, а тоа да се потсетиме во членот 6 се органите на државната власт и јавните установи се должни, значи имаат императивна одредба да обезбедат исплата на однапред договорени трошоци. Можам уште од сега да ковертирам во ова Собрание со мојава дискусија дека веднаш откако ќе се создадат услови со овој закон и ќе се донесат подзаконските акти, овој закон и однесувањето на Владата ќе станат модел на вработување на младите припадници на владеачките партии во државните органи на власт со надомест, трошоци, обуки, испраќање во странство и тн. За сите други ве уверувам дека ќе постои железна завеса за влезот во државните институции. И сакам тоа јавно да го соопштам сега.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за волонтерство.Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, би ги повикал пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Заклучокот го ставам на гласање.Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, сите 61 пратеник гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.Гласаа 61 пратеник, 59 гласаа за, 1 воздржан, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Весна Бендевска поднесе амандмани на член 6 за менување на став 2, член 11 став 1 за менување на алинеја 4, член 13 став 1 за менување на алинеја 7 и на член 20 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Цветанка Иванова поднесе амандмани на лен 19 за менување на став 1, член 20 за додавање два нови ставови 3 и 4 по ставот 2 и на член 22 за додавање нова алинеја 8 по алинеја 7, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валнетина Божиновска поднесоа амандмани на член 6 став 1 за додавање четири нови алинеи по алинеја 4, член 8 ставови 1 ,2 и 3, член 22 алинеја 1 и за

бришење на алинеја 6 и за додавање нов член 22-а по членот 22 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1 за додавање четири нови алинеи по алинеја 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Сега незнам дали деловнички може, значи би го прифатил амандманот делумно, еве зошто. Значи органите од консултациите што ги направивме и со Секретаријатот за законодавство, бидејќи е речено дека се опфатени органите на државната власт, дека тука се опфатени и органите на Државната управа. Значи тоа е и согласно Уставот. И затоа не е посебно кажано за органите на државната управа. Кај политичките партии мислиме дека можно е евентуално ако ги додадеме и тука има злоупотреби во смисла три, организирање на митинзи, или на голем број ангажирање на волонтери, може да дојде до масовно избегнување на плаќањето на персоналниот данок. И од тие причини за политичките партии не се прифаќа амандманот, но прифатливо е за едниците на локалната самоуправа и за Градот Скопје. Значи, не знам дали може така деловнички да биде прифатено само третата и четвртата алинеја.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер, но, ниеден од пратениците кои го предложија овој амандман не се присутни. Така што јас амандманот би го ставил на гласање.

Нема ниеден од претставниците. Министерот има добра волја, но...

Господине министер, мислам дека се согласувате, бидејќи пратениците кои го предложија амандманот не се тука да кажат дали го прифаќаат вашето делумно прифаќање, затоа амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакции во салата)

За целиот амандман, не делумно.

(Реакции од страна на пратениците)

Господине Влатко, гласајте за амандманот, повелете.

За амандманот гласале 43 гласале 43 пратеници, за гласале 9, воздржани 3, против 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа. Немам некоја посебна причина, совен тоа што и постојниот текст на одредбата на ставот 2 го обезбедува потполно истото. Значи, се работи за иста содржина, само за редослед на зборови. Инаку, сосема истото го обезбедува членот 6 став 2 како што е и амандманот.

Од тие причини не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Апсолутно не се согласувам со констатацијата на министерот, со оглед на тоа што иако во цел закон, договорот што треба да биде склучен од страна на организаторот на волонтерската работа и волонтерот е алфа и омега, на овој закон. Но, ставот 2 во членот 6, онака како што е напишан, само факултативно го обврзува организаторот на волонтерската работа да имплицира на облигаторност, но не и до крај.

Амандманот го поднесов за да се подобри структурата на текстот на ставот 2 од членот 6. Не да се промени како смисловна целина, туку апсолутно да имплицира на обврска, на облигација Значи, организаторот на волонтерската работа, облигаторно, во Програмата треба да ја утврди потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите.

Најсериозно, господине министер, бидејќи така го започнавте вашето излагање зошто не го прифаќате овој амандман, сметам дека единствено е бидејќи доаѓа од пратеник од опозицијата. Инаку, мора да се согласите дека на овој начин, организаторот на волонтерската работа и во Закон има облигација да започне со програма. Организаторот мора, врз база на прогама да започне активности со цел да организира волонтерска работа и на тој начин да ангажира и доброволци, односно волонтери.

Ако ставот 2 гласи, ова во интерес на запознавање на македонската јавност, дека организаторот на волонтерската работа ја утврдува потребата итн., врз основа на програма, ве молам објаснете ми, каде е тука облигацијата. Значи, сега се расправаме буквално за нешто, јас не гледам причина, зошто ставот да не е јасен и гласен. Организаторот е должен да подготви програма со цел да се утврди потребата од ангажирање на волонтер, видот, начинот, постапката итн. Не знам зошто сметате дека ова, доколку биде прифатено, на некој начин ќе го оневозможи јасното облигаторно, должноста на организаторот да започне со организирање на волонтерската работа ислучиво на база на програма. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Реплика господине министре?

**Љупчо Мешков:** Не да реплицирам, туку да се разбереме.

Во ставот 2 на членот 6, токму стои и сега тврдам дека стои тоа што почитуваната пратеничка сака да го постигне. Овде, во ставот 2 стои дека организаторот, не стои дека може, туку стои "ја утврдува", и тоа е императив. Тоа не е можност, факултативно. Туку "ја утврдува потребата и постапката врз основа на програма за волонтирање". Не е дали тој може или не може, туку тоа е облигаторно. Не е факултативно. Ако е факултативно, тогаш ќе треба да стои може или евентуално да ја утврди потребата. Овде стои "ја утврдува потребата врз основа на програма". А, тој нема да донесе програма ако нема потреба за волонтирање. Штом има потреба за волонтирање, тој мора да ја утврди потребата во програма. И така е во тој контекст тој член, тоа сакаме да го посгитнеме и пратеничката и ние, предлагачите, нормално, да биде задолжително. Ова е поминато на Законодавство, па затоа сметаме дека ова го обезбедува истото тоа што вели пратеничката со амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Една минута за госпоѓа Бендевска, контра реплика, повелете.

**Весна Бендевска:** Јас се надевам и ги повикувам колегите и од владеачкото мнозинство, се разбира и моите колеги, со оглед на тоа што сум убедена дека номотехнички текстот имплицира, кога се имплилцира облигацијата односно обврската, ќе биде многу појасно и попрецизно, како што понудив со мојот амандман. И со оглед на тоа што голем број го поддржуваат овој закон и потребата од донесување, се надевам дека за прв пат во овие 10 - 11 месеци од новиот состав на Собранието на Република Македонија сите ќе гласаме во корист на еден амандман што суштински не ја менува смислата поднесена од страна на Министерството, туку навистина ќе подобриме, сите заедно, законски текст што е пред нас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 патеник, за гласање 10 пратеници, воздржано 2, против 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 ставоти 1, 2 и 3, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе.

Обезбедената согласност треба да биде само од Министерството за труд и социјална политика. А, Министерството за внатрешни работи треба само да издаде документ односно да го реглира престојот на лицето во Република Македонија.

Затоа сметаме дека, бидејќи реглираниот престој во државата го дава Министерство за внатрешни работи, а не согласност за волонтирање на тоа лице. Како предлагачи мислиме дека волонтирањето треба да остане само во рамките на Министерството за труд и социјална политика затоа што само би ја усложниле процедурате. Мислиме дека во тој дел нема потреба согласност за волонтирање да дава Министерство за внатрешни работи. Тоа е според Законот за странци.

Согласно тоа амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Добро, се согласувам, но бидејќи се случувале разни работи и дека може да дојде до сериозни злоупотреби, помислив дека тој двоен контролен механизам ќе биде добар, да има. Знам дека престојот го дава Министерство за внатрешни работи, но од едноставна причина. Ако не е евидентирано, евентуално, или имаа некакви пребегнувања од тоа да не е пријавено во Министерство за труд и социјална политика, ова ќе ни биде дополнителен втор контролен механизам.

Во секој случај се согласувам, и го повлекувам амандманот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 за менување на алинеја 4 поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе.

Образложението е исто не се прифаќа амандманот заради тоа што алинејата 4, еве да ја прочитам, гласи: "учествува во обука со цел да се обезбеди квалитет на давањето на услугата". А овде, во амандманот стои "учествува во обука со цел да се остручи за обезбедување квалитет во давањето на услуга". Значи, малку зборовите се изменети, но целта практично е иста со онаа што е во алинејата 4 од постојниот текст.

Од тие причини, не се прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Всна Бендевска:** Благодарам.

Со оглед на тоа што и кај овој амандман и кај следниот амандман поднесен од моја страна, ги поднесов како резултат на чество на една од јавните расправи што ги организираше Министерството за труд и социјална политика и со широко учество на невладините организации, тие како релевантен фактор, општествен фактор што навистина е загрижен за донесување на ваквиот закон ги предложија токму овие амандмани од правно-технички аспект заради подобрување на нештата.

Така што сметаат дека токму во оваа алинеја може многу подобро да се имплицира дека остро чувањето на волонтерот, да не биде само технички, туку да се најде механизам што ќе може на некој начин да го мери квалитетот на услугата, што волонтерот ќе ја дава.

Значи, не апропо само чиста проста обука на волонтерот, туку волонтерот да се обврзе и во определен квалитет во давањето, при вршењето на волонтерската услуга. Се надевам дека ништо битно не се менува, само се обидов, се разбира по барање на претставниците од граѓанските организации, да го подобрам изгледот на текстот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи за амандманот гласале само 60 пратеници, ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Во моментот на гласањето во салата биле присутни 62 пратеници.

Од нив, гласале 60 пратеници, за гласале 11, воздржано 1, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1,за менување на алинеја 7,поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе.

Предложениот амандман, со текстот на членот 13, алинеја 7 е целостно ист, само што зборовите "доколку тоа е така договорено" кај нас во текстот е на крајот на алинејата, а пратеничката предлага тие зборови да дојдат напред, на почетокот.

Доколку се прифати амандманот, тогаш не би звучело логично со воведна реченица која гласи: "Организаторот на волонтерската работа е должен да", па ќе почне "доколку е така договорено", што би било подобро е "е должен да обезбеди осигурување", па на крај да стои "доколку е така договорено".

Од тие причини нема никој суштина, се е целосно исто, не се менуа ништо во суштина во алинејата и од тие причини не се прифаќа амандманот.

**Бесим Догани:** Ви благодрам.

Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Повторно, како на некој начин да играме пинг-понг со министерот. Претставниците на невладините организации сметаат дека, доколку се менува алинејата од членот 13 на начина кој што го предлага во амандманот, ќе имплицира дека најпрво треба да биде договорено дека видот на волонтерската работа, за што ќе биде ангажиран волонтерот, има потреба од осигурување од професионални болести и повреда на работа за време на волонтирањето, со оглед на тоа што не секоја волонтерска работа ќе има ваква потреба.

Значи, ние не можеме, апсолутно не е исто господине министре, меѓутоа очигледно силата е во ваши раце. Не дека нема образложение или дека не може вие да го обврзите, бидејќи го обврзувате точно со првиот став од овој член кој гласи: "организаторот на волонтерската работа е должен да", па сега велите во алинеја "да обезбеди осигурување од професионални болести, но само ако е така договорено". Ако постои облигација, значи ова имплицира дека н е секоја волонтерска работа има потреба од заштита и осигурување од професионани болести.

Токму заради тоа, на инсистирање и барање на релевантни претставници од граѓанскиот сектор го предложив овој амандман. Меѓутоа, очигледно е вие диктирате на кој начин во овој момент ќе гласаат пратениците од владеачкото мнозинство, без оглед што со големи реторики го поддржуваа овој закон. Терајте, силата е во ваши раце. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Сите овие три амандмани на почитуваната пратеничка, излегува како да водиме некој книжевен кружок или нешто, дали зборовите стојат на почетокот на алинејата или на крајот на елинејата. Во суштина, тие ништо не менуваат. Се согласувам со тоа што сака да го постигне таа, но тоа е така регулирано и во постојниот текст.

Еве, сега, да земам да ги читам алинеите, ова е потполно исто, само што зборовите "доколку е

така договорено" стојат на почеток, а овде стојат на крајот. Ако сака да постигне некоја друга цел, тогаш треба посебна одредба, а не вака како што е компонирано во алинеите на членот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Бидејќи нема повеќе пријавенми за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 13 пратеници, воздржано 1, против 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам рпетрес по амандманот на член 19 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Гио молам претставникот на Владата да се произнедсе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Пред да се изјаснам, сакам да кажам дека ова се суштински амандмани што навлегуваат во суштината. Меѓутоа, од нивното прифаќање или не прифаќање, практично значи менување на целиот концепт.

Ова сега, предлагањето на сите овие, се извинувам што се впуштам во наредните, претпочитува сосема друг концепт на волонтирање и од тие причини ќе образложам поединечно.

Овој амандман на членот 19 став 1 не се прифаќа бидејќи сметаме дека евиденцијата не треба да се води во Министерството за труд и социјална политика, туку се разбира тоа можеби не може да биде главна причина што и организациски и финансиски има посебно оптоварување од водење таква евиденција. Но, овој амандман, морам да се поврзам, и натаму е врзан со потребата од регулирање на волонтерскиот стаж како работно искуство.

Ако одиме да тоа биде работно искуство, тогаш се разбира, треба да одиме и на форма на евидентирање и во Министерството и секаде, но реков дека концептот не е таков. Заради тоа сметаме дека практично, евидентирањето на стажот треба да биде во волонтерската книшка, што ќе го означува почетокот и крајот, а ќе го пополнува организаторот на волонтерската работа, а како што е предвидено и во законот, спроведувањето ќе го мониторира, ќе го прави Министерството за труд и Инспекторатот за труд дали тоа се прави така како што треба или се злоупотребува.

Сметаме дека Министерството за труд и социјална политика не треба да води ваква евиденција заради причините што понатаму пошироко ќе ги образложам по наредните амандмани околу тоа дали волонтерскиот стаж треба да биде работно искуство или не.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Навистина искрено жалам што министерот, не прифаќајќи го првиот амандман што е во корелација со следниот амандман и со следниот амандман, неприфаќањето на овој амандман значи неприфаќање на она што значеше моја суштинска заложба, заради што ги поднесов овие амандмани, а тоа беше да обезбедиме со овој закон волонтерскиот стаж, што ќе иде запишан во волонтерската книшка, да се смета за работо искуство.

Ова, со една единствена цел, затоа што нашата држава е соочена со проблемот на невработеност, затоа што голем број на малди лица кои се високообразовани не можат долго време и после 35-та година, официјално да се стекнат со работно исксуство, за да може да претендираат или да конкурираат на работни места, особено во органите на државната управа. Затоа сметав дека ова решение е добро.

После неприфаќањето на овој амандман или на овие три амандмани значи, јас го делам мислењето на мојата колешка Ристана Лалчевска дека навистина овој закон требаше да се донесува во две фази за тука ние пратениците да го избереме концептот на законот, а секогаш концептот на законот треба да одговара на реалните потреби во нашата држава. Факт е дека реална потреба на младата популација,на младата генерација е ваквото работно искуство односно ваквото волонтирање да им се евидентира како работно искуство за да можат после да се вработуваат или да конкурираат на работни места за кои се бара работно искуство.

Еве да симулирам еден случај.

Има млади луѓе кои се и магистри, кои до денес немале среќа да засноваат работен однос, но за тоа тие волонтираат некаде, стекнуваат работно искуство, можеби поголемо и од оние кои се на работа, но сепак кога ќе се распише оглас за одредено работно место каде е потребно работно исксутво, овие луѓе уште во старт се исклучени да претендираат на тоа работно место.

Мислам дека една од основните цели за донесување на овој закон требаше да биде оваа. Затоа господине министер мислам дека концептот не треба да биде причина за неприфаќањето на овие мои амандмани. Можеби навистина требаше уште нешто да се доработи, но дајте ако вие проблем концептот, да не донесуваме закон колку да го донесеме, тогаш овој закон да биде во прва фаза, а во втората фаза да имаме можност сите овде пратеници да дебатираме околу концептот, затоа што, гледате пратениците и од позицијата и

од опозиција се едногласни, има потреба од донесување на овој закон, но за концептот имаме разединувања односно имаме пратеници и од позиција и од опозиција кои не се согласуваат со овој концепт што денес ние го промовираме.

По однос на забелешката дека ќе оставиме на работодавачите сами да оценат дали волонтерскиот стаж што ќе биде впишан во волонтерската книшка ќе се смета за работно искуство, но затоа можеме да го ставиме како дискреционо право во приватниот сектор. Но, дали тоа ќе може да се случи во органите на државната управа. Еве сега со овој закон, со неприфаЌањето на амандманот на колешката Валентина Божиновска, дали не ги исклучуваме органите на локалната самоуправа да го применуваат овој закон. Значи имаме многу недоречености. Вие го прифативте, меѓутоа имате можност да реагирате, бидејки не беше тука присутна колешката Валентина Божиновска, вие ако видовте слабост требаше да реагирате со ваш амандман. Значи сме пропуштиле нешто. Факт е дека има потреба од донесување на законот, факт е дека ова е суштинска работа и факт е дека ова ни е најпотребното нешто, најпотребното решение што треба да го вгадиме во законот. Значи, младите невработени стручни лица кои волонтираат волонтерскиот стаж да им се смета за работно исксутво за да можат да конкурираат и да им се достапни и работните места за кои се бара работно исксутво. Тоа е поентата на овој закон. Инаку да волонтираат и да имаат решено права за патни трошоци, права за доручек, мислам дека не е ни целта на младите луѓе заради кое волонтираат, но сепак е една извесна заштеда или едно големо регулирање на повисок степен на оваа работа. Но, мислам дека не сме ја постигнале основната цел заради која треба да го донесеме овој закон. Дајте да смогнеме сили, навистина ова да го решиме. Во спротивно мислам дека ќе гласаме за законот, но што сме постигнале, повторно младите стручни лица или младата популација ќе биде соочена, а знаете особено во органите на државната управа секогаш се бара да има работно искусвто во таа област иникогаш, лицата кои волонтирале нема да им овозможиме да им биде достапно тоа работно место како на лицата кои, еве за среќа, во оваа безработица имале можност да стекнат такво работно искуство.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор министерот Љупчо Мешков, повелете.

**Љупчо Мешков:** Нормално сите три амандмани се поврзани иод тој аспект зборуваме за суштината на прашањето.

Прво, до колку волонтерскиот стаж се смета за работно исксутво, тоа практично оди во насока на добивање на некаква предност при вработувањето на оној што волонтирал. Замислете сега на пример во нашето Минситерство сакаат да волонтираат 500 луѓе. Од нив ќе волонтираат 10 или 20. Значи сите овие луѓе нема да ги ставиме во еднаква положба во поглед на вработувањето односно на овие што волонтирале треба да им дадеме предност. Сметамдека и од тој аспект има малку проблеми, во смисла на еднаквоста на вработените во барањето на работа.

Целта на овој закон , на волонтерството е младиот човек да го остручи, да го стави во улога да добива работни навики место да седи дома. Не е целта некој да се пријавува да волонтира за утре да добие некаква предност при вработувањето. Значи целта на законот е сосема друга.

Ако тоа го направиме работно исксутво, јас ве уверувам дека ќе има такви злоуѕпотреби, такви пишувања на икуства заради предност во вработување што утре нема да знаеме како да се снајдеме во таа ситуација.

На крај овде што сакам да почитуваната колешка да и кажам, во целот оизготвување на овој закон учествуваШе и претставник од Меѓународниот европски институт за непрофитно право и ние токму во врска со ова прашање за кое исто така сметавме дека е битно и заради амандманите што пратеничката ги поднесе, добивме мислење од страна на Меѓународниот европски институт за непрофитно право. Само во пооделни делови, на кратко, би извлекол да потенцирам што тие сметаат во врска со ова.

Тие сметаат дека е многу тешко да се одреди што значи волонтерско исксутво во дадена област и како може едно такво исксутво да конкурира на исксутво стекнато во работен однос. Генерално волонтерството не се признава како работно исксутво. Ако се реши волонтерството да се признае како работно исксутво за да биде мотивирачки фактор, тогаш може да се измеша смислата на самиот концепт на волонтирање. Во суштина волонтерите се активни бидјеки скаат да помогнат на некој друг. Во секој случај волонтерите можат да си напишат во своите биографии дека волонтирале или да бараат од организациите да им подготват писма како препорака за барање работа. Но не би требало тоа да се регулира со закон. Доволно е што се донесува закон кој волонтирањето го признава како правен концепт, го истакнува општеството и ги зацврстува правата на волонтерите. Се понатаму треба да се остави на потребите на самиот волонтер и во организацијата каде волонтира. Значи изричито стои дека не смее волонтерскиот стаж да се изедначува со работно искуство, бидјеки практично и немаат ни работно правен статус волонтерите.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Цветанка Иванова,повлете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Го ислушав образложениeто на министерот, меѓутоа повторно не сум согласна со аргументите.

Зошто? Затоа што сум свесна дека може да се појави случај на злоупотреба на овој институт и затоа предвидов  Министерството да води евиденција на волонтерското работно исксуво и секако Министерството преку инспекторот на труд.

Меѓутоа, ајде да речеме дека така препорачале од Институтот, чие мислење го читаше. Но,нека ми одговори господинот министер, како органите на државна управа ќе селектираат кој ќе примат за волонтер, а кој нема да гопримат. За приватниот сектор тоа е осамено право на сопственикот на фирмата или на работодавачот. Но, како Министерството за труд и социјална политика ќе го спроведе овој закон и по кои критериуми да речеме мене ќе ме прими за волонтер или одредено лице ќе го одбие за волонтер. Може да се пријават околу 500, како што кажав заентересирани млади лица да волонтираат во Министерството. Кој е маханизам на селекција во органите на државн ауправа, да приминекого или да не прими за волонтер. Значи се отвора уште една дилема дека нависитна овој закон треба да се донесе во две фази, или пак пофторно и во овој институт политизација како што кажа господинот Никола Поповски, повторно, кој како ќе си дојде во министерствата, ќе си избира свои волонтери блиски лица.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласаа 59 пратеници, 14 за, 1 воздржан 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на член 20 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор минситерот за труд и саоцијална политика.

**Љупчо Мешков:** Амандманот не се прифаќа од причините што веќе ги кажав.

**Бесим Догани:**Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Јас ќе се откажам од овој амандман само заради тоа што мојата колешка Цветанка Иванова, веднаш по овој амандман нуди и по содржина и по смисла односно заведениот волонтерски стаж во книшката да се признава како работно искуство на волонтерот, со тоа што следниот амандман понуден од госпоѓата Иванова е многу поконцизен и подециден, јас од овој амандман се откажувам, односно го повлекувам амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворма претрес по амандманот на член 20 за додавање два нови става 3 и 4 по ставот 2, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и саоцијална политика.

**Љупчо Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:**Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Доволно јасно кажав што сакам со овој амандман. Барам заведениот волонтерски стаж во книшката да се признава како работно искуство.

Би требало сега по правило, бидјеки претходниот амандман не се прифати и овој не се прифаќа, да го повлечам. Меѓутоа, нема да го повлечам затоа што сакам да знам кој од пратениците ќе го пдоржи овој амандман, а кој ќе гласа против.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јавува господинот Александар Николовски.

Господине Николовски имате многу малку време до паузата, дали сега ќе зборувате или после паузата.

**Александар Николовски:** Ќе зборувам после паузата.

**Бесим Догани:** Давам пауза до 15,00 часот.

(По  паузата седницата продолжи со работа во 15,06 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Почитувани колеги има збор пратеник господин Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Јас би сакал кратко по однос на амандманот на колешката Иванова и можеби по серијата на амандмани. Се работи за три амандмани, кои што практично, суштински задираат во она што е тема на законот и најпрво, би сакал да кажам дека, доколку се прифати вака како што е предложен овој амандман, иако е во контрадикторност, затоа што претходниот не го прифативме, иако јас лично ќе кажам дека гласав за и сметам дека треба да се размислува во оваа насока.

Би сакал да отворам неколку дилеми, кои што мислам дека треба да се тема на разработка, односно на разговор, да ги видиме во наредниот период и заеднички да одлучиме што ќе правиме понатаму.

Јас ќе го цитирам амандманот. Амандманот вели: "За дадениот волонтерски стаж се издава волонтерска книшка, се признава како работно искуство на волонтерот. По издавањето на

волонтерската книшка, организаторот на волонтерската работа е должен почетокот на завршувањето на волонтерството да го пријави во Министерството за труд и социјална политика".

Практично, да објаснам ова што би значело. Во оние институции каде што аплицираат луѓето за работа се бараат определен број на години на работно искуство, или работен стаж, во зависност од систематизацијата и од Законот според кој што можат луѓето да бидат вработени. Возможно е на овој начин да се јават поголем број, доколку ова вака се прифати да се јават поголем број на неправилности, односно поголем број на злоупотреби и јас ќе кажам еден вулгарен пример каде што може да е пример во оваа насока. На пример, политичките партии во државата можат да издадат, ако вкупно манипулираме дека имаме околу 300 илјади луѓе, можеби и повеќе кои се членови на политички партии, може на 300 илјади луѓе да издадат потврда дека волонтирале во нивната политичка партија и нормално, заведена во Министерството за труд и социјална политика, како што пишува во амандманот и на тој начин да направат манипулација на целиот систем. Сметам дека ова е значајно да се разгледува, како еден од начините за злоупотреба, можам да набројам и десетица други. Но, она со кое што исто така не се согласувам, што беше претходно кажано, дека тие кои што волонтираат би биле во нерамноправна положба со оние кои што не волонтираат со што, апсолутно не се согласувам, затоа што тоа е работа на избор и тоа е работа на избор на самиот волонтер, но исто така и на институцијата која што го избира, така што, тука не можеме да поставиме знак на еднаквост, заради тоа што тоа е невозможно. Тоа е исто како да велите дека се во нерамноправна положба оние што работат, а некои не работат. Тоа е така фактички, но практично не е така, заради тоа што таа е работа на избор, односно на можност и на неможност. Така што, да го дефинирам мојот став, сум лично за тоа волонтерскиот стаж да се смета како работно искуство, заради тоа што е работно искуство, заради тоа што луѓето таму работат и заради тоа што луѓето таму оставаат дел од своето време, дел од своето знаење, дел од својата енергија. Нормално, за тоа стекнуваат и искуство, стекнуваат нови вештини итн, но го трошат сопственото време и тоа не е залудно изгубено време, туку тоа е време во кое што работеле, без разлика дали за тоа добивале надомест или не. Во случајот не добиваат надомест, односно, тоа го прават од причина затоа што сакаат да помогнат на институцијата во која што работат. Така што, апсолутно треба да го земеме предвид, но, ќе повторам во еден видоизменет начин, со јасно дефинирани начини на кои што тоа ќе може да се направи.

Од таа причина, ќе гласам воздржано за амандманот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор предлагачот, пратеник госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе, јас мислев дека колегата Николовски ќе го поддржи амандманот, но на крајот кажа дека воздржано ќе гласа. Претходно јас побарав збор да му се заблагодарам, меѓутоа еве и воздржаноста значи еден вид двоумење, дали е за или против. Сакам само една исправка да направам дека организатори на волонтерска работа не можат да бидат политички партии.

Амандманот кој што беше поднесен од пратеничката Валентина Божиновска, покрај другите субјекти, беше предвидено или се бараше, организатори на волонтерска работа да можат да бидат и политичките партии. Точно е, јас се согласувам со колегата Николовски, не може политичките партии да бидат организатори на волонтерска работа, затоа што ова ќе биде голема врата на злоупотреба. И уште еднаш да ги прочитам: "Организатори на волонтерска работа можат да бидат здруженија на граѓани и фондации, верски заедници, јавни установи, органи на државна власт". Пропустот што го направивме, или го направило Министерството, под органи на државна власт, дали се опфаќаат органите на единицата на локална самоуправа. Според мене, не. Тука значи носиме закон, кој што важи за волонтерска работа само за државните институции, на државно ниво, а единицата на локална самоуправа, по овој закон нема можност да организира волонтерска работа. Затоа ви велам, добро е што го донесуваме овој закон. Одредбите треба да бидат јасни и прецизни, што не е случајот овде, покажува и претходниот пример. На крајот, основната цел барем за мене, за донесување на овој закон, беше точно оние млади лица кои што не можат да бидат вработени, не можат да стекнат работно искуство, преку овој закон да им дадеме една мала шанса да можат да волонтираат, да го вложуваат својот труд, секако, да акумулираат знаење и искуство и после тоа искуство да им биде како услов, како работно искуство, како услов кој што го исполнуваат за аплицирање на работни места, каде што се бара посебен услов работно искуство. Тоа ми беше поентата и интенцијата и повторно останувам и сакам да видам кој ќе го поддржи овој амандман и затоа не го повлекувам. Инаку, јасно ми е дека парламентарното мнозинство ќе гласа повеќе против овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласањето, ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам колегите пратеници да седнат на своите места, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Колеги пратеници ве молам седнете на вашите места.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник во салата, гласале 57, од кои за гласале 13, воздржани 3, против гласале 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 алинеја 1 и за бришење на алинеја 6, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Бидејќи не прифативме Министерството за внатрешни работи во процедурата да дава согласност во тоа, не го прифативме, тој амандман автоматски отпаѓа. Тоа е првиот дел од амандманот.

Меѓутоа, вториот дел од амандманот, сега малку кога би бил во наредниот, би било добро. Вака не се прифаќа. Инаку, ако може делумно да се прифати само вториот, за да може после, ајде сега не прејудицирам напразно.

**Иван Анастасовски:** Од она што го слушнавме од министерот, амандманот не се прифаќа.

Има збор предлагачот, пратеник госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Министре, говориме за членот 22,за член 22-а за глобата и разговараме за оној што го повлеков, за Министерството за внатрешни работи. Бидејќи тоа по автоматизам го повлеков, за пријавувањето во однос на престојот. Тој амандман на член 22-а зборовите "Министерство за внатрешни работи". За тоа ли говориме?

Повредата на правата кое ја определува основата за глоба треба да се однесува и за неизвестување на Министерството за внатрешни работи. Јас мислам дека ова по автоматизам се повлекува бидејќи не го ставивме во однос на пријавувањето на волонтерите кои доаѓаат од странски државни лица.

Мислам дека членот 22 алинеја 1 и член 8 став 1 и 2 се поврзани и тие ги повлекувам.

Јас би говорела сега за член 22, за нов член 22-а. Значи, тие два по автоматизам ги повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Овој амандман што вие го спомнавте е нареден.

**Валентина Божиновска:** Да јас говорам за овие два дека ги повлеувам, кои што го тангираат Министерството за внатрешни работи.

**Иван Анастасовски:** Ги повлекувате?

**Валентина Божиновска:** Да.

**Иван Анастасовски:** Овој сега за кој разговараме...

**Валентина Божиновска:** Да, за член 8 говориме.

За членот 22 алинеја 1, за тој.

За член 8 став 1 и 2 по зборовите "политика" се додаваат зборовите "и Министерството за внатрешни работи".

Министер дали тоа значи дека вие делумно го прифаќате ова?

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, бидејќи барате дополнително да се произнесе министерот, има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Ставот 1, бидејќи нема обврска организаторот на волонтерската работа во поглед на волонтирањето да го известува Министерството за внатрешни работи, туку тоа е ингеренција само на Министерството за труд и социјална политика, а рековме Министерството за внатрешни работи дава само дозвола за престој, реков овој дел не се прифаќа затоа што таму ние го прифативме и овде не може.

Меѓутоа, наредниот, кој го спомна и пратеничката е прифатлив, но за да се прифати тој мора да стои став 2, алинеја 6 да биде. Измешани се сега работите од двата амандмана.

**Иван Анастасовски:** Јас реков амандманот не е прифатен.

**Љупче Мешков:** Дали може да се прифати само вториот став од амандманот. Алинеја 6 се брише, дали може тоа да се прифати.

**Иван Анастасовски:** Само тоа?

**Љупче Мешков:** Да.

**Иван Анастасовски:** Нема основ.

Почитуван министер, вие го одбивате комплетно во целина амандманот.

**Љупче Мешков:** Не може делумно.

**Иван Анастасовски:** Да.

**Љупче Мешков:** Може нов амандман да поднесе.

**Иван Анастасовски:** Немаат право предлагачите.

Предлагачите на амандмани немаат право тоа сега да го направат. Само вие како предлагач на законот.

Во тој случај имте збор како предлагач, пратеникот Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Се согласувам со измената која што ја предлага министерот. Значи така ќе стане во овој миг составен дел на текстот за кое вели министерот, за членот 8.

За членот 22 има право бидејќи го повлековме по автоматизам членот 8 и има веродостојност и има право да стои како што кажа министерот “Министерството за внатрешни работи”, односно после зборот “политика” да стои “Министерство за внатрешни работи”.

Значи министерот делумно го прифаќа и се согласувам дека е така.

**Иван Анастасовски:** Го прифаќа делот каде што се говори алинејата 6 да се избрише.

**Валентина Божиновска:** Да, така е.

**Иван Анастасовски:** Вие како предлагач...

**Валентина Божиновска:** Се согласуваме.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај, во таква форма е прифатен амандманот и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на члњн 22 за додавање нова алинеја 8 по алинеја 7, поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа и еве зошто велам заради прифаќањето мораше да се избрише алинеја 6, заради тоа што веќе поблага казна за исто дело има пропишано. Овој амандман ја заострува казната за оние што нема да постапат согласно Законот.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот.

(Реакција на некои пратеници).

Јас ве прашав, отворивме претрес по амандманот на член 22 за додавање нова алинеја 8 по алинеја 7.

**Љупче Мешков:** Се извинувам, тоа е друго. Јас го немам тој амандман.

**Иван Анастасовски:** Како го немате?

Амандманот е поднесен од пратеникот Цветанка Иванова.

**Љупчо Мешков:** Јас зборував за друг, јас ги помешав, овој амандман не се прифаќа.

Тој е од член 22 по алинеја 7 се додава нова алинеја која гласи, како што гласи. Тоа го зборувавме и од тие причини се провлече тоа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен, бидејќи имаше одредено недоразбирање.

Дали предлагачот на амандманот бара збор? (Да).

Има збор предлагачот на амандманот, пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе го повлечам овој амандман затоа што е во врска со двата претходни амандмани и нема логика овој амандман да егзистира сам, доколку не бидат прифатени претходните два амандмани, а бидејќи не се прифатени јас го повлекувам амандманот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 22-а по членот 22, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Љупче Мешков:** Овој амандман се прифаќа затоа што се заострува, уште поголема глоба се предвидува кога ќе се избегнува склучувањето на договор за вработување. Бидејќи за ова дело веќе имаме предвидено глоба, но е побладам, затоа реков алинејата 6 каде што е тоа да се врише и затоа го прифатив.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе гласаме а службите да го утврдат точниот број на присутни пратенци во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат за да пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 61 пратеник.

Вкупно гласаа 55 пратеници од кои 51 гласаа за, нема воздржани и 4 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за волонтерство.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за мирно решавање на работните спорови, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделни.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Најнакратко колку што може, алтернативниот начин на решавањето на спорови е предвиден во законодавството на европската унија и се разбира и во други земји. Затоа поаѓајќи од фактот дека судовите се навистина преоптоварени со голем број на работни спорови со овој закон се сака преку медијацијата односно преку мирното решавање на овис спорови претходно да се постигне согласност помеѓу двете страни и да се прекине водењето на судската постапка.

Првобитно во законот за работни односи беше предвидена можноста да може мирно решавање на работните спорови да се прави по пат на регулатива донесена со акт на министерот, меѓутоа Уставниот суд ја укина оваа одредба од законот и упати на потребата од донесување на посебен закон.

Донесувањето на овој закон е и обврска наша опфатена во Л-3 аранжманот и од тие причини се предлага овој закон.

Законот за медијација кој неодамна беше донесен од страна на ова Собрание, не ја предвидува можноста за мирно решавање на колективните работни спорови, туку само во делот на работното законодавство на индивидуалните работрни спорови и тоа се разбира со плаќање на одреден надомест на двете страни кои учествуваат во процесот на мирење.

Со овој закон практично Владата односно државата сака да попмогне во овој процес со тоа што без двање на надоместоци, освен некои што се основни во поднесувањето на барањето и на претставката да може двете страни во еден процес, кој што е застапен и опишан во законот за мирно решавање на споровите мирно да го решат тој спор, по мирен пат, а не по судски пат.

Во овој закон е кажано дека е се решаваат сите колективни работни спорови кои се врзани со примената на колективните договори, штрајкот, додека за индивидуалните работни спорови, се предлага тоа да биде само за индивидуалните работни спорови кои се однесуваат на престанокот на работниот однос и на наопределувањето на најниската плта, заради тоа што се смета дека во овие два случаи, каде што се води спор помеѓу работодавачите и работниците се најчестите случаи и најмногубројните случаи, за кои се водат и судски постапки.

Се разбира овие два случаи може да се водат по Законот за медијација, но таму имаме надоместок за водење на спорот, додека со овој закон не се предвидува такво плаќање од страна на двете страни.

Значи, кај индивидуалните работн спорови употребуваме термин”арбитер”, додека кај колективните работни спорови “помирувач”, се со цел да се прави разлика, дистинкција помеѓу она што значи индивидуален и она што значи колективен работен спор.

Значи, спорот завршува со потпишувње односно со согласност на двете страни и законот предвидува формирање на републички совет за мирно решавање на споровите. Тој совет практично треба со одлука за основање да го определи Владата, да го основа и да определи директор на советот кој потоа ќе ја води постапката за основање и конституирање на стручниот орган кој што е предвиден со овој закон.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Поднесувањето на овој предлог за донесување на закон за мирно решавање на работни спорови со предлог-закон од страна на Владата е уште еден обид да се однесува Владата нихелистички кон ссето тоа што е предходно направено во Република Македонија од страна на претходната Влада и да се смета дека за се што се прави дпсе почнува од оваа Влада. Мислам дека навистина има многу други проекти за кои што ВЛадата можеше да го потроши времето наместо да носи закони кои што во еден дел до сега се регулирани за материја, за која што постои регулатива нормално со други законски прописи. Ќе кажам конкретно за што станува збнор, меѓутоа така е кога Владата дури и во преизборнната кампања не го следеше сето тоа што се случува во Република Македонија, па смета дека се почнува од оваа Влада. Затоа и во преродбата во 100 чекори, која што беше користена во кампањата од минатата година е наведен дека доколку ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт ќе постои алтернативно решавање на споровите и законската основа за ова ќе се создаде преку донесување закон за арбитража и закон за посредување (медијации).Значи, беше наведено дека оваа Влада кога ќе дојде на власт ќе донесе закон за медијации но без да знае, не ги следела ни оние работи за кои што била должна и како партија и како подинци, учесници во политичкиот живот на Република Македонија и претходно да знаат дека таков закон е донесен. Сега, врз бара на ова се почнува од ова Влада и покрај тоа што има веќе донесено Закон за медијациј во кој е наведено на можноста медијаторите да одлучуваат и за индивируалните работни спорови и сега одеднаш се нуди еден закон, се согласувам дека треба да се однесува на колективните работн спорови, меѓутоа не и на индивидуалните работни спорови, заради тоа што не може да се оди надвор од системот што веќе е восоставбен. Ако сте сакале да правите измена требаше да ни доставите аргументи, меѓутоа требаше да се предложи измена и дополнување на Законот за медијација, за да може во Законот за медијација да се направат одредени преформулации кои што ова прашање ќе овозможи да биде уредено на ваков начин. Меѓутоа повеќе пати ние овде од

говорницата во Парламентот кажуваме дека Владата не е заинтересирана ниту за принципи на владеење на правото, ниту за правната држава, па затоа имаме закони од различни министерства кои што овде доаѓаат, ги разгледуваме, но меѓусебно не се усогласени. Секое министерство се смета како свој газда во својот ресор. Тоа не е обврска на Парламентот да знае дали Владата го усогласила текстот или не, меѓутоа владината процедура доколку се почитува, а услови на работа на оваа Влада, јас се сомневам дека е тоа така, треба да овозможи повеќе ресори да дадат мислења за законските проекти и врз основа на тие усогласени мислења на крајот пред нас во Собранието Владата како предлагач да достави усогласен текст на закон.

Мислам дека со ваквиот начин на поднесување на закони, како што споменав, во услови, ова е материја и за некој друг закон, се создава едно двојство па нема да се знае кој за што е надлежен и кој за што ќе постапува, меѓутоа можеби на министерот му е повеќе познато бидејќи Владата на сите можни начини, барем од обврските што ги имаше во изминатиот период настојува да го одолговлечи процесот на профункционирање на медијаторите и започнување на нивната работа, па можеби смета дека на тој начин ќе се овозможи ако овој закон стапи на сила решавањето на споровите да биде согласно овој закон.

Сметам дека тоа не е добро. Исто така сметам дека кога станува збор за индивидуалните работни спорови можноста да одлучуваат за нив арбитри, кои што ќе бидат именувани на начин како што е предвидено во овој закон е во спротивност со правата на странките и индивидуално да определуваат кои се лицата кои што ќе одлучуваат за нивниот спор. Едноставно нема да имаат алтернатива, туку ќе мора изборот да го направат од арбитрите што се именувани, а не од медијаторите, како што овозможува Законот за медијација, согласно кој се овозможува секој поединец да одлучи кому ќе му го допушти мирното решавање на неговито спор. Ако се има во предвид начинот на решавањето на колективните спорови посредувачите, како што е предвидено во законот сето тоа значи само можност Владата да има се поголемо и поголемо влијание не во областите за кои има право согласно законот, туку и за многу други прашања кои што се надвор од надлежностите на Владата.

Но, оваа Влада има такви диктаторски манири и смета дека во сие сегменти на општествениот живот треба таа да го дава крајниот збор и дека на тој начин треба да се одлучува. Токму затоа сметам дека, еве пред да започне расправата по амандманите, министерот треба добро да ги разгледа амандмание што се поднесени од пратениците и мислам дека со прифаќањето на дел од тие амандмани ќе може навистина да се овозможи да се подобри текстот на овој закон.

Никој од нас овде во Парламентот нема против мирното решавање на споровите, всушност и претходната Влада, претходното парламентарно мнозинство за прв пат со донесувањето на закон за медијација овозможи во Република Македонија да се воведе алтернативно решавање на споровите што ќе овозможи брзо решавање на постапките, поекономично, значи со помалку трошоци и сметам дека ова парламентарно мнозинство го нема тој ексклузивитет, придобивките што веќе сме ги постигнале сега да ги нарушуваме со создавање двојство во законските прописи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Прво, добро е што се создава законски основ за мирно решавање на работните спорови. Но, верувајте, јас мислам дека не е добро што еден ваков закон се донесува во една фаза. Министерот при образложението на причините заради кои се донесува овој закон кажа дека една од основните причини е да се овозможи, да се создаде законски основ за решавање на работните спорови по мирен пат, да се растоварат судовите од ваквите спорови и тоа е се во ред. Дека ваков закон кај нас во правниот систем не постои. Точно е дека не постои и токму заради тоа што не постои ваков закон треба пратениците добро да обмислат и да видат, да разгледаат различни решенија, различни концепти на закон.

Јас се обидов да побарам компаративно искуство од земјие од регионот и она што го констатирав е овој закон копија на српската верзија. Не значи дека српскиот закон не е добар, но не значи дека треба целосно да го пресликаме кај нас во нашиот правен поредок. Зошто? Затоа што ние веќе имаме донесено еден закон за мирно решавање на спорови, мислам на индивидуални спорови, а тоа е Законот за медијација.

Со поднесувањето на ваков закон, практично се одзема дел од надлежностите на медијаторите. Дозволете ми малку по грубо да констатирам, се руши еден принцип, се руши еден концепт, а се воспоставува нов. Да бидеме на јасно, јас сум за донесување на ваков закон. Но, концептално со одредени решенија не се согласувам. Не може секое министерство само за себе да си креира концепт на развој или планирање или уредување на една област.

Министерството за правда прифати еден концепт. Донесовме Закон за медијаторство. Министерството за труд и социјална политика сега ни предлага нов концепт. Значи повторно нов закон за медијатори во работните спорови, но сега со нови медијатори, не во онаа постапка. Поставувам прашање зошто? Зошто не сме се повикале во овој закон да создадеме законски основ за мирно решавање на споровите, но да

упатиме со една упатна одредба дека тие спорови надлежните органи кои ќе ги решаваат овие спорови се медијаторите. Или да изградиме конзистентен систем, а не вака да одиме напред назад. Значи нешто ќе изградиме па веднаш ќе го срушиме.

Еве, јас во што не се согласувам со одредбите. Не се согласувам со колешката Мери кога вели дека амандманите ќе го подобреле текстот. Амандманите можат нешто да залечат, но не можат да го сменат концептот на законот. Ние не се согласуваме со концептот на овој закон.

Прво, како што кажав, со овој закон се основа републички совет за мирно решавање на работните спорови. Овој републички совет ниту се гледа од решенијата кој го основа, ниту се гледа која му е структурата, дадени се само две одредби дека се основа републички совет за мирно решавање на работните спорови како стручен орган и толку.

Понатаму, во еден член се уредени надлежносите и за да се каже после дека многу е битно дека директорот го именува Владата на Република Македонија. Зошто пренагласена улога на Владата на Република Македонија и при мирното решавање на споровите помеѓу луѓето кои се во работен однос. Зошто толкава пренагласеност, и тука Владата сака да стави рака, капа. При решавање на мојот спор што го имам јас како вработена со мојот работодавец, тоа е мој спор. Овде не е уредено прво го немаме уредено органот како што треба, а го формираме.

Мојата друга забелешка исто така концептуална, зошто се формира комисија која ќе ги избира помирувачите и арбитрите. Значи, помирувачите и арбитрите и покрај постоење на медијатори, сега ќе имаме арбитри. Значи и арбитри и медијатори. Кој систем ќе го тераме, немаме концепт во развојот на правниот концепт.

Изборот на пријавените кандидати за помирувачи и арбитри ќе го врши комисија. Даден е составот и структурата, тоа ќе бидат членови од репрезентативните синдикати, од Влада, од работодавачите и тоа е добро. Тие се заинтересираните страни кои ќе сакаат мирно, ефикасно да се решаваат нивните спорови. Зошто повторно на оваа одлука согласност да дава Владата. Која е интенцијата Владата да дава согласност на избраните арбитри и помирувачи. Дотолку повеќе што и Владата е работодавач. Која е улогата на Владата. Не ми е јасно. Концептот целосно не е во ред.

На крајот она што го вели министерот, ова е краток закон но има три концептуални забелешки и штом има три, тогаш е сериозно прашањето. Она што го вели министерот дека медијаторите не ги прифатиле мирно да ги решаваат споровите од работен однос затоа што медијаторите работеле со надомест. Тоа не е греда. Можело да се каже дека за мирното решавање на раб отните спорови медијаорите ќе го вршат без надомест односно како што е решено овде во членот 51 дека помирувачот и арбитарот имаат право на плата. Од каде таа плата? Каде ќе бидат вработени? Кој ќе им биде работодавач на медијаторите? Каде ќе засноваат работен однос, дали за четири години ќе засноваат работен однос?

Се на се многу нејасен закон. Јас ја поддржувам потребата од донесување на овој закон. Потребен и е на Република Македонија еден закон кој ќе овозможи растеретување на судовите од работните спорови и да се остави на странките мирно да си ги решаваат своите спорови. Но, овој закон јас не можам да го прифатам концептуално. Затоа предлагам да ја утврдиме потребата од донесување на овој закон, затоа што ни треба, но да оди донесувањето во две фази со тоа што ќе се уреди прашањето за органот кој ќе ја работи оваа работа, ќе се уреди и прашањето кој ќе врши мирно решавање на овие спорови, дали ќе останат медијаторите за да не правиме за секоја област различен концепт. Ние немаме конзистентен развој на системот. На крајот на краиштата за каква плата, каде се вработени овие арбитри. Мене не ми беше јасно членот 51 ќе го прочитам: “помирувачот и арбитерот имаат право на плата, придонеси и надоместоци од плата, согласно закон и колективен договор”. Кој ќе им дава плата на помирувачите и арбитрите? Каде ќе биде заснован нивниот работен однос. Во ставот 1 стои средствата од став 1 од овој член се обезбедуваат од Буџетот. Зошто? Дајте со едно решение да кажеме дека споровите од работен однос ќе ги решаваат мирно медијаторите. Странките ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок на трошоци за мирно решавање на работните спорови. Средствата на овие спорови ќе се обезбедат од буџетот. Навистина не ми е јасно како сето ова ќе функционира. Инаку, сум за утврдување на потреба од донесување на овој закон, но сериозно имам забелешки на концептот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Пред нас има еден закон чија намера или потреба за донесување е оправдана, меѓутоа, концептуалните решенија и начинот да се донесе по скратена постапка навистина не кореспондираат со потребата и важноста на решенијата кои се нудат во законот и мислам дека Министерството, министерот и Владата на мала врата сакаат да протнат нешто што концептуално не е издржано и отвора многу прашања кога ќе дојде до практична реализација на ова законско решение, бидејќи претходно колегите зборуваа за многу прашања за кои нема одговор во овој закон.

Ако во изминатиот период се изнаслушавме дека Владата е многу транспарентна, многу отчетна, многу одговорна во работата, овој закон немаме

добиено мислење во најмала рака ниту од економско социјалните партнери на Владата. Да речеме од некој сојуз на работодавачи и тоа релевантен, исто така немаме ниту од Синдикатот мислење по ова законско решение.

Како пратеници имаме добиено реакција на Сојузот на синдикатите на Македонија во кое тие реагираат по однос на одредени членови, но официјално од Владата немаме ниту во образложението, ниту во воведот од потребата од донесување на закон објаснето дека овој закон е донесен во една транспарентна постапка и во консултација со сите засегнати страни кои ќе учествуваат при практичната имплементација на овој закон.

Исто така на законот стои знакчето на ЕУ, но немаме дополнителни објаснувања до кое ниво се врши усогласување на овој закон со регулативата на ЕУ и кои се тие одредби кои можеби нема целосно да бидат усогласени со овој закон. Значи, на самиот старт имаме еден хендикеп околу донесувањето на овој закон во поглед на транспарентноста, а и во поглед на нашите сознанија за усогласеноста на овој закон со законодавството на ЕУ.

Зачудува обидот на Министерството, така едноставно по скратена постапка, бидејќи не се работело и секаде стои со образложение за сложен и обемен закон, да ни го протнат во скратена постапка на една седница да ја разгледаме и првата и втората фаза од донесувањето на законот.

Мислам дека колешката Цветанка беше во право кога побара ова да оди во две фази, но за жал, во Парламентот состојбата е таква многу малку расправаме, учествуваме, дебатираме, дури и за вакви закони кои се однесуваат непосредно или директно на граѓаните, едноставно нема слух да расправаме по овие прашања, без разлика дали сме позиција или опозиција и веројатно ќе помине намерата на Владата.

Но, изгласувањето на овој закон отвора многу прашања, многу дилеми, многу неразјаснети работи, се плашам дури ни со амандманите не можеме да го подобриме ниту текстот, а уште помалку концептот околу начинот на примената на овој закон и мислам дека за брзо време ќе следи барање од Министерството за труд и социјална политика за измена и дополнување, се надевам дека тогаш ќе биде во една потранспаретна постапка во консултација со синдикатите, со работодавачите, бидејќи кажав и претходно, Владата се обврза на транспарентно и отчетно работење.

Има многу работи кои би требало да се дискутираат околу овој закон, но едно прашање кое ние преку амандмание не можевме никако да го смислиме и да му дадеме концепт, тоа е новиот орган кој ќе се формира околу мирното решавање на работните спорови. Предлагачот на законот го крстил републички совет за мирно решавање на работните спорови.

Но, во Предлогот на законот никаде не е објаснето колку члена ќе брои овој републички совет, каков ќе биде неговиот состав, кои претставници ќе бидат застапени во неговата работа, колку ќе им трае мандатот, дали тие ќе бидат професионално вработени во овој орган и на кој начин ќе се финансираат. Едно прашање кое ќе создаде големи проблеми, важно е само во Законот да стои дека советот има директор кој ќе го бира Владата ништо повеќе. Овој закон не се однесува да и послужи на Владата како некој посебен инструмент освен во споровите каде работниците водат спор со Владата во делот на администрацијата. Тука треба да биде јасно објаснето што ќе работи овој републички совет. Нека стои дека ќе врши стручни работи, но многу се општи и нема каков ќе биде составот. Треба да има претставници на синдикатот, треба да има претставници на работодавачите, треба да има претставници и од делот на стручните работници кои ќе ги решаваат мирно овие спорови.

Мислам дека најголемиот пропуст на овој закон, се надевам дека министерот ќе се обиде да ни објасни што е замислата по однос на републичкиот совет за мирно решавање на работните спорови, бидејќи во голем дел е нејасно напишано само со два члена, а се работи за клучен орган кој во одредени спорови ќе определува помагачи, арбитри, ќе посредува при решавањето на споровите.

Исто така, друго прашање кое е започнато, но ниту малку до крај не е расчистено, тоа е околу изборот на помирувачите и арбитрите кои ќе учествуваат во решавањето на работните спорови. Овде се дадени само условите по кои некој може да биде избран за помирувач и арбитар, но од друга страна не е дадено каков статус ќе имаат. Ако имаат статус на лица кои ќе работат за мандат од четири години, што во тој случај по престанок на мандатот и ако не бидат повторно избрани. Дали, ваму се бара да имаат искуство од пет години, ако дојдат од некои институции нивниот работен однос во таа институција каков статус ќе има. Како ќе функционираат овие помирувачи и арбитри при практичкото решавање или засновање на нивниот работен однос.

Има многу проблеми. Ако е за мандат од 4 години, тогаш што со нивното претходно вработување или што ако не се јават заинтересирани кои што имаат работно искуство во областа на работните односи. Дали тогаш нема да има доволен број на помирувачи арбитри, бидејќи мислам дека е клучно ова прашање и добро е да имаат искуство во решавањето, но законодавецот, предлагачот на законот не имобезбедува никаква сигурност. Понатаму ниту на помирувачите ниту на арбитрите, а им определува мандат од 4 години, имопределува дека ќе примаат плата и надоместоци, но нема никакви други објаснувања

штопонатаму по истекот на мандатот, што ако не бидат избрани, дали ќе имаат статус на државни службеници. Таму е пишано дека ќе се избираат по оглас кој што ќе го објави Советот. Мислам дека ова прашање заедно со концептот на предлагањето на Републичкиот совет за мирно решавање на работните спорови се најтешкит еи најнејасните работи во овој закон. Ќе отвори многу проблеми при практичното спроведување на законот и мислам дека намерата на Министерството нема да постигне ефект, бидејки кажав дека е добра, но при практичната реализација навистина ќе има сериозни пречки. Еве, ќе го изразам моето сомневање, ако остане ова законско решение дали ќе се јават доволен број на арбитри помирувачи во оваа ситуација, бидејки многу се нејасни нивниот статус, нивните права, нивните обврски и она што е најважно дури и не знаеме колкав ќе биде нивниот број. Дали Владата на овој начин сака да си отвори едно биро за вработување по партиска линија. Зоштоне е определен, ако знаеме колку работни спорови се водат во Република Македонија наназад неколку години, да извадиме еден просек колку работни спорови може да води еден помирувач или арбитар и соодветно на тоа да го определиме нивниот број. Зошто немаме и такви податоци. Зошто никаде не е определено колкав ќе биде нивниот број, попотреба, но имаат мандат од 4 години, значи не може ни така, а ќе вршат услуга само ќе даваат и то ане е така регулирано. Значи, има сериозни пропусти во овој закон и би го замолил министерот да подебатираме и да ни објасни која е идеата и концептот на овој закон, а за другите прашања имаме поднесено амандмани и се надевам дека ќе успееме малку да го подобриме законот. Но, по однос на овие две прашања, овој закон не нуди никакви решенија и ќе биде сериозен хендикеп за негова практична реализација во пракса. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Збор има пратеник Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Јас нема да го злоупотребувам времето и да се повторувам во однсо на оние работи што ги кажав, но сметам дека од аргументите што беа изнесени денес по Предлогот за донесување на закон за мирно решавање на работни спорови. Министерот има доволно основи да овозможи пратениците во две фази да го разгледуваат законот, сметам дека има многу основани забелешки и дека сите сме согласни да ја подржиме оваа права фаза за Предлог за донесување на закон за мирно решавање на споровите, а потоа во втора фаза да расправаме по текст што ќе биде подобрен согласно со тоа што ќе го изнесеме денес со своите дискусии врз основа на тоа што е предвидено или предложено во амандманите, нормално со цел текстот да биде конзистентен, но и да се дополнат одредени прашања кои што навистина претставуваат празна празнина. Верувајте, дури и човек да се инспирира и да сака да зборува повеќе поовој текст на закон, самиот текст не нуди доволна инспирација. Толку се штури одредбите, толку се круто направени што едноставно не може да се протолкува што е суштината на самиот закон. Мислам дека нашата цел не е само да продуцираме закони кои потоа во пракса навистина тешко ќе се применуваат, а јас верувам дека од она што беше овде изнесено, со поголемиот дел од работите претпоставувам дека се согласува и министерот, па затоа уште еднаш предлагам тој да размисли ии да придонесе за подобра работа овде во Парламентот, да го повлече Предлог законот и сега да расправаме само во права фаза. Значи, по предлог на овој акт што го имаме пред нас да биде Предлог за донесување на закон за мирно решавање на работните спорови, а по усогласување на текстот во втора фаза да разговараме за Предлог на закон. Благодарам. Бидејки е предлогот конкретен би можел министерот и да објасни.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Министерот има збор, повелете.

**Љупчо Мешков:** Очигледно е дека треба да дообјасниме некои рбаоти за полесно да се разбереме, заради тоа што се работи за еден концепт кој што е прифатен и го има во некои земји, има други концепти се разбира некаде е државата таа која што го обезбедува мирното решавање,некаде се тоа самостојни посебни агенции и т.н. Значи, за транспарентноста и за постапката сакам нешто да кажам.

Во скратена постапка се предложени неколку закони, пред се и заради фактот што многу од тие закони се врзани со одредени рокови, односно преземени обврски од страна на Владата. Но,ние како Министерство се обидуваме заради тоа што е воскратена постапка да обезбедиме што е можно повеќе мислења, експертски мислења како од кај нас, така и од Правниот факултет, од други земји преку организирање на работилници, состаноци и т.н. Еве, ќе кажам конкретно.

Прво, сакам да кажам дека обврската за донесување на овој закон произлегува од ПДПЛ -3 аранжманот со Светската банка и заради која Република Македонија заради наредната транша за кредитот од Светска банка е должна докрајот на јули да го донесе овој закон. Значи, тоа е преземена обврска со аранжман од Светската банка. Тоа е едно.

Второ, за да се спроведе овој закон и да се донесе во рокот, обезбеден е холандски гранд со кој ќе се врши обука на помирувачите и арбитрите, што значи предвидени се и финансиски средства, затоа што тие што ќе бидат избрани за помирувачи мора да поминат и низ соодветна обука.

Трето, овој закон е поминат на седница на Економско социјалниот совет во кој што како трипартитно тело и Синдикатот. Тоа значи дека

претставниците на Синдикатот се изјасниле поовој закон, се расправало за нивните забелешки и на крајот на краиштата е заклучено економско-социјалниот совет му дава подршка на овој закон.

Понатаму, Сојузот на синдикатите на Македонија организираШе семинар со претставници и експерти од други земји во врска со овој закон, каде што беше оценета потребата и дека треба еден ваков закон да се донесе и не предложија некои коренети измени од содржината која што е дадена во овој закон. Консултирани се правни експерти од Правниот факултет во Скопеј и експерти од други земји. Е, сега, ќе одам по ред по некои побитни и посуштински прашања.

За Републичкиот совет очигледно е дека многу пати како да го мешаме концептот. Ова што сега се дискутираше од некои пратеници е повеќе на концептот на агенција со совет, каде што советот трреба да биде именуван, треба да биде избран, реизбран и т.н. Овде зборуваме за стручен орган, за стручна институција, која треба Владата односно државата да ја формира. Значи, Судскиот совет ќе биде институција во која што ќе има професионално вработени лица, тука нема избор, реизбор, 4 години и слично. Тие се професионални лица, стручна служба која ќе ја води постапката на помирување. Помирувачите и арбитрите ќе бидат лица кои ќе бидат вработени во овој совет, кои ќе бидат избрани на јавен конкурс во една постапка како и за сите други вработувања и за тие предвидено е да се со висока стручна спрема, да имаат 5 години работен стаж, да не се осудувани и т.н. треба да се прочита и да се види законот дека има услови кој може да биде помирувач.

Бројот на помирувачите фиксноне можеме да го одредиме овде, туку зависи од тоа колкав број на случаи ќе биде. Ако имаме потреба од повеќе, ќе распишеме конкурс и ќе примиме во Советот други кандидати и ќе го дополниме бројот на помирувачите. Значи, тука нема времетраење, мандат и т.н., туку ова е стручен орган со професионално вработени лица. Државата ја превзема обврската преку финансирање од Буџетот да формира стручна установа која ќе помага во мирното решавање на работните спорови. Директорот нема никаква улога во мирењето во процесот. Директорот е директор на службата, на органот. Според тоа, нормално кога велиме дека директорот го избира Владата, иако се согласувам дека нема потреба за Комисијата ова што вика Владата и во таа насока нормално има амандмани и амандманот може да биде прифатен. Меѓутоа, директорот го именува Владата, затоа што со закон се формира тој стручен орган, затоа што се финансира работата од Буџетот на државата и затоа го избира Владата. Значи, директорот ниту го решава спорот, ниту учествува, туку спорот може да се реши само со заедничка волја на двете страни. Додека нема заедничка волја на двете страни, не може да дојде до решавање и ниту директорот не може мирно да го реши спорот ако двете страни не се согласни со тоа.

Точно е тоа дека има закон за медијација, меѓутоа рековме дека тој не ги решава колективните работи.

Второ, индивидуалните работни спорови она што го имаме како сознание во пракса многу малку, скоро воопшто немаме медијација во индивидуалните работни спорови, а причината е многу едноставна. Замислете некој работник со минимална плата со 4 до 5 илјади треба да води мирно решавање на спорот и да плати по тарифникот 4 илјади денари, тоа е со тарифиник определено, и веројатно можеби тоа е причината за најзастапените работи околу најниската плата, каде што се работниците со најниска плата, оние што примаат малку плата, тие практично немаат голема можност да го користат тоа. Затоа, рековме дека обезбедуваме без плаќање на надоместок овие работни спорови се решаваат односно само оние што се однесуваат на престанокот на работниот однос и она што значи минимална плата.

Исто така, овој закон претставува, како што реков и во уводно тоизлагање, усогласување со директивата на Европската унија број 2004/0251. Значи имаме обврски да се усогласиме со директивата на Европската унија. Комисијата за која стана збор таа е трипартитно тело и затоа велиме Комисијата ги избира помирувачите и арбитрите од причина што треба во изборот да учествуваат сите три страни и Синдикатот и работодавачите и Владата. Затоа, велиме дека Комисијата треба да изврши избор на тие под услови пропишани кои што мораат да ги исполнуваат, кои услови се пропишани во законот. Не знам дали нешто пропуштив, но имаме време и да расправаме и по амандманите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика има пратеник госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Навистина ќе верував воискрената намера на Владата да овозможи забрзување на процесот на донесување на закони поврзани со европското законодавство, усогласување со европското законодавство или оние што се обврска со ПДПЛ аранжманите со Светската банка. Меѓутоа, семтам дека повеќе се работи за злоупотреба на овие обврски што ги има Република Македонија, заради тоа што во сите вакви случаи Владата го злоупотребува Парламентот и поднесува закони истовремено и во прва и во втора фаза. Па, таква е и денешната седница и не е само овој закон, туку и Предлогот за донесување закон за измени и дополнувања на Закон за договорен залог, со Предлог на закон за обезбедување на побараувања, Законот за државно правобранитеслтво, сето тоа се закони кои што се многу значајни, а Владата ги предлага истовремено и во прва и во втора фаза. Можеби

имаме обврска до крајот на јули, меѓутоа не можам да се согласам, господине министер дека во такви услови овој закон требаше да се поднесе во две фази наеднаш на 2 јули на седница на Собранието. Сте имале време претходно да мислите и на роковите и на обврските што ги има Република Македонија. Но, до колку имате искрена намера да го подобрите текстот на законот и сега има можност да се поджи во прва фаза и повторно да се врати и повторно да биде усогласен до крајот на јули, бидејки имате време за десетина дена повторно да го работите текстот како Предлог закон во Министерството. Тоа што вие не сакате, тоа е веќе став на Владата спрема сите други прашања кои што се поврзани на релација Парламент-Влада. Спомнавте дека сте консултирале многу експерти и т.н. Имате право да консултирате и добро е да консултирате и експерти и најразлични други лица кои се поврзани со овој процес, меѓутоа не смеете да дозволите последни да ги оставите парламентарците. Сите тие што учествувале во тој процес со давање мислење и слично немаат одговорност пред граѓаните. Одговорност пред граѓаните имаат пратениците кои го сочинуваат законодавниот дом во Република Македонија и вие не смеете да дозволите последни за тоа што го работите да дознаат пратениците и сега да бидеме соочени со законот, па под изговор дека многу и се брза на Владата, по било која цена да гласаме за законот и тој да биде изгласан во било каква форма, која во праксата ќе предизвикува проблеми. Затоа, сметам дека нависитна сето ова што го кажавте е само изговор.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути има реплика пратеник господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Министерот се потруди нешто да објасни, но мислам дека уште повеќе ги направи нејасни работите. Значи, самото образложение дека ова е преземена обврска до 30 да се донесе овој закон, отвора прашања зошто до сега не е доставен до Собранието. Ние денес го расправаме на седница и во таа насока не е само брзањето да се донесе поради рок оправдување. Ако е поднесен во август, тогаш требало во најмала рака да го пдонесете во две фази, а не само да го носиме законот, а потоа во имплементацијата да видиме дека има многу пропусти и отворени прашања. Тоа дека можеби сте држеле седница со Економско социјалниот совет е во ред, но очигледно не сте ги усогласиле ставовите и имаме реакција од Синдикатот и мислам дека треба малку повеќе труд да вложите да постигнете консензус со Синдикатот и со работодавачите.

Во однос на надлежностите на директорот за кој што вие велите дека нема никакви надлежности, да ве потсетам, во член 12 се однесува за определување на помирувачи односно арбитри, во ставот 2 ако страните од спорот спогодбено не определат помирувач односно арбитар, го определува директорот на Советот. Тоа значи дирекно директорот на Советот учествува во постапката за помирување. Вториот дел кој што се однесува на дејностите од општ интерес во членот 19, исто така ако страните од спорот не поднесат предлог, директорот на Советот по службена должност покренува постапка за помирување, определува помирувач. Значи јасно е дека има големи надлежности директорот и дека учествува во ова мирно решавање на спорот. Во членот 40 околу мандатот на помирувачите, арбитрите во членот 40 јасно стои дека помирувачот и арбитарот се избираат на 4 години и можат да бидат повторно избрани. Значи , имаат мандат и се на постојан избор, а критериумите во членот 37 точката 4 еден од критериумите да е достојно на должноста помирувач односно арбитар. Мислам дека вакви субјективни критериуми повеќе отвораат прашања, отколку што нудат решение за некои проблеми и едноставно не можете во овој дел да го одбраните законот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе.

Усогласувани се ставовите со заинтересираните страни, меѓу кои и Синдикатот, експерти и слично, можеби се конуслтирани, но ние не знаеме и не го знаеме ставот на експертите. Но, за тоа дека не се усогласени ставовите со Синдикатот зборува и предлогот што е испратен од Синдикатот до сите пратеници. Овој закон има околу, без преодни одредби, 50 членови, а синдикатите, Сојузот на синдикатите кој што по правило треба да ги штити овие работи или живо да се заинтересирани за ваквите законски решенија и во соработка со нив да се прават овие закони имаат на 25 члена реакции. Значи немаме усогласени ставови.

Ако се има во предвид дека Сојузот на синдикатите реагираат на концептот на законот, уште повеќе ни дава за право ние како пратеници овде да се замислиме и да побараме од министерот да го повлече Предлогот на законот да расправаме по законот во прва фаза. Еве, уште еднаш аргументи, зошто?

Прво, министерот појасни дека Советот за мирно решавање на работните спорови бил стручен орган. Каде е местото, улогата ја знаеме со членот 8, но каде е местото во системот на органите на државна управа. Што е овој орган, независен, правно лице, во состав на Министерството, каде ќе се наоѓа овој орган, или така ќе си измислиме заради законот и ќе виси некаде. Мора да му се најде местото, затоа што тоа никаде го нема. Само со една реченица, се основа Републички совет за мирно решавање. Дали овој орган не е спротивно со Законот за управните органи во државата. Понатаму, викате нема директорот овластување. Има и тоа како и

вие сами знаете. Понатаму, викате дека Советот ќе биде стручно тело, а во надлежности викате во членот 8 став 1 алинеја 2, точка 2 ќе врши избор на помирувачи и арбитри. Можеби вие ќе кажете: нема да го врши изборот, ќе објавува јавен оглас согласно член 38. Но, ако се читаат овие две одредби се контрадикторни една со друга. Понатаму викате дека Комисијата која што е составена од трите заинтересирани страни, од Владата, Синдикатот и од работодавачите ќе врќи избор. Со член 8 викате избор ќе врши и Советот. После викате дека Комисијата независно врши избор на арбитри и помирувачи за да после додадете член со кој што Владата ја ставате над сите овие три заинтересирани страни, или учесници меѓу кои и Владата е рамноправен партнер да ги потврдува одлуките за помирувач и арбитар. И она како основа на мојата реакција, зошто нешто што сме изградиле и нешто што сме воспоставиле, тоа е медијаторите со Законот за медијатори со една одредба во овој закон наместо да правиме овде играчки, да правиме нови субјекти кои ќе се занимаваат со оваа работа, затоа што во Законот за медијатори, односно медијаторите не биле овластени да решаваат колективни спорови. Да, не се овластени, но може да се измени Законот за медијатори, или затоа што медијаторите работеле со надомест на трошоци. Во овој закон ќе се повикаме дека медијаторите немаат право на надомест на трошоци од странките, но ќе имаат од Буџетот по поднесени документи за посредување во спорови. Зошто, значи сега одново се отвора нов државен орган наспроти заложбите за намалување на администрацијата. Сега формираме нов државен орган, совет за мирно решавање покрај постоењето на медијаторите и таму во овој совет замислете ќе биле вработени, значи во редовен работен однос арбитрите и помирувачите на кои што не му се знае ниту бројот. Не знам господине министре како вие мислите да ја намалувате администрацијата. Ништо не е чудно ако сакате уште еден орган ќе формираме ние, ама не е целта,не е интенцијата на државата, ние треба да ја намалуваме администрацијата. Ние треба да создаваме услови за профитабилни дејности, а не за вакви дејности кои што ќе се финансираат од Буџетот за да задоволиме некои партиски наши решенија. Значи, покрај постоење на медијатори, при постоење на Закон за медијација, јас очекувам дека и заменикот министер за правда е тука и треба да си го брани својот закон кој што е донесен и под чие ресорно Министерство е. Значи, покрај постоење на Закон за медијација, медијатори, да формираме нов државен орган покрај заложбата да ја намалуваме администрацијата, измислуваме пара државни органи се со една цел да имаме партиски вработувања. Замислете, помирувачи и арбитри постојано вработени, а избрани со мандат за 4 години. Мене овој концепт навистина не ми остава впечаток дека е сериозно и најсреќно избран. Ќе кажете да, истиот овој закон сосема дословно е од српскиот закон. Но, ако некој грешел, не значи дека и ние треба веднаш да го прифатите. Дајте ние да си избереме наше автентично решение. Повторувам, да за потребата од донесување на овој закон, да медијаторите да ги решаваат индивидуалните спорови, ајде еве нека ги решаваат помирувачите, но немојте да формираме, како ќе го оправдате формирањето на нова институција. Својство на правно лице ли има, каде е во системот на органите на државната управа овој совет, во кој дел спаѓа, во Труд ли спаѓа, посебно правно лице, Правда ли е. Мене воопшто не ми е јасно, правник сум, а не ми е јасно. Значи ако ние имаме вакви концептуални забелешки, ако имаме сериозни забелешки, не е тоа за да додадеме нешто со амандман. Сите ние се обидовме и јас и мојата колешка Мери и Марјанчо, да поднесеме амандмани, но тоа е колку нешто да се подобри од направената грешка. Дајте повлечете го Предлогот на законот, рокот ќе го спазиме, ќе се договориме и за десетина или дваесет дена повторно ќе влезе во собраниска процедура, но да имаме добар закон, не ваков закон донесен, само колку да се донесе и да се исполни некоја замисла што само вас ви е позната. Тука го гледам заменикот министер за правда, Деловникот не овозможува, но би се интересирала какво е неговото мислење по повод ова решение, што значи тоа за Законот за медијатори, дали не значи утре ако имаме спорови и во некоја друга област, ќе донесеме некој друг закон за мирно решавање на тие спорови, па повторно ќе имаме посредувачи и арбитри. Мислам дека тоа не е конзистентно решение. Дајте, ако сте се заложиле за нешто, за некој концепт, да го тераме тој концепт до крај, а не по потреба ние да си формираме параинституции што навистина не знам каде ќе се сместат. Ова ќе падне на Уставен суд, спротивно е на органите на државна управа. Мене не ми е јасно како тоа поминало и во Законодавство, затоа што кога го донесувавме Законот за еднакви можности мака мачевме за одделението да го направиме да има повисок статус. Сега одеднаш, јас знам има формирано такво одделение, мислам беше Законот за полиција, но повторно му беше дадено местото и улогата во целиот овој систем. Размислете затоа што понекогаш човек, не заради друго, затоа што работи човек и забележува нелогичности и недоследности, ги кажува овде и наместо да се каже да, така е, дајте да седнеме и да видиме. Ова не е закон политика, политика се орбитрите и посредувачите, помирувачите што ќе ги изберете. Но, дајте, немојте да правиме вакви грешки при постоење на еден друг концепт кој веќе почнува да функционира. Исто така јас не знам, би се обратила до колешката Мери, јас знам дека Законот за медијатори беше поддржан од некоја меѓународна институција. Како ќе објасниме сега ние, какви концепти градиме овде, како ќе излеземе пред меѓународните институции како

сериозна држава. Кој концепт го тераме овде. Утре ако се појават спорови во некоја друга област, пак ќе донесеме некој друг закон за мирно решавање на тие спорови во таа област и ќе измислиме пак некој совет кој го нема никаде во системот на државни институции, во системот на органи на државна управа и пак ќе одредиме по волја посредувачи и арбитри што нас ни се допаѓаат да ги избереме? Мислам дека нема логика на ваков начин да се оди и уште еднаш повторувам сум за потребата од донесување на ваков закон затоа што ова мирно решавање, прво ќе ги растовари судовите, второ ќе ги намали трошоците, трето вработените, еве како што се предвиделе, без трошоци во постапките што, за волја на вистината, судските трошоци се огромни сега и дел од вработените дури и не се осудуваат да си покренат судска постапка, точно заради тоа што се огромни трошоците. Тоа решение сега е добро, но дајте она што е концептуална наша забелешка, да го усогласиме и да направиме еден добар закон кој ќе биде и ваша и наша волја и за доброто на сите оние за кои го донесуваме, а тоа се вработените. Да не почитува мислење на синдикатот, а ги застапува правата на вработените, а донесуваме закон за мирно решавање на работните спорови, работните спорови произлегуваат од работен однос, јас не знам кого вие сте консултирале. Затоа уште еднаш бараме, значи ние како пратеничка група, како СДСМ ќе ја поддржиме потреба за донесувње на овој закон, но имаме сериозни забелешки и бараме Предлогот на законот да се повлече за да ги испегламе разликите. Не се овие политички разлики, овие се правни разлики, разликите меѓу позиција, опозиција, синдикат и сите оние заинтересирани страни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Госпоѓо Иванова, сега на крај малку сте контрадикторни. Велите ќе ја поддржиме потребата од донесување на овој закон, а цело време зборувавте дека има еден концепт на медијации и дека таму требало не сега со донесување на нов закон.

Кога зборувавте за директори, јас не реков дека нема ингеренции директорот. Реков дека не учествува во крајниот исход на медијацијата, на мирењето, во процесот. Инаку таму каде што ги бира, тој ги бира само во еден случај, значи кога се работи за правото за штрајк каде постапката е задолжителна за водење на помирување, тогаш нема веќе волја на двете страни, туку е задолжително и таму директорот ги менува во тој случај, нема кој друг, затоа што двете страни нема веќе да одлучуваат дали сакаат или не сакаат, туку е императив тогаш во случај на штрајк да се води постапка на помирување. Значи сакав да кажам дека овој концепт не задира во тоа дали законот, на пример сега ние не го ставаме вон сила, рековме колективните работни спорови не се решаваат во тој закон, не се предмет на регулатива на тој закон, и другите индивидуални спорови, меѓутоа посебно таму се водат и граѓански и стопански и какви се не видови на мирење, постапка за мирење за тие спорови.

Сега кога зборуваме дека ќе формираме институција, ние не мислиме на некоја грандоманска и кој знае каква институција да се формира. Меѓутоа, формирањето на таа институција, на тој орган што ќе го врши помирувањето, во секој случај треба да претставува заштеда, а не да претставува трошок, затоа што велиме дека постапките во судовите траат многу долго, судовите се пренатрпани со вакви спорови. Овој орган фактички треба да придонесе во таа насока, значи да ги растовари судовите, да дојде до побрзо решавање, до мирно решавање на тие спорови. Инаку, верувајте, работен спор за минимална плата, не знам кој работник ќе покрене постапка со Законот за медијација, ако таму, не знам, тарифникот предвидува колку неговата плата трошоци за тој спор. Значи советот кој треба да се формира практично треба да биде независен стручен орган заради тоа што ако го ставиме во Управа или во министерство, тогаш ќе имаме една поголема пристрасност затоа што велиме мирно решавање односно взаемна согласност за мирно решавање на спорот и треба државата да овозможи што е можноповеќе самостојност на тој орган. Инаку мирното решавање го решава државата и таа учествува со средства од Буџетот. Значи парите не ги даваат странките, туку Буџетот ја финансира таа установа се со цел, реков, за да се надмине оваа неповолна состојба што ја има во судовите. Да ви кажам, на пример, ние во второстепена комисија во Влада, мислам за Комисијата за денационализација имаме 5 члена, меѓутоа таму имаше преку 1000, 2000 предмети и ние направивме 30 члена во таа Комисија. Тоа не е скапо. Тоа е ефтино затоа што тој заостаток треба да се реши. Се што ќе се реши во рок е ефтино.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министре.

Три минути реплика за госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Реплика или збор, ќе го кажам она што го мислам господине министре.

Многу ми е жал, знам дека ме разбирате, но не сакате јавно да признаете. Совршено ме разбирате.

Повторно ве прашувам каде ќе му биде местото на советот. Велите независен. Кој ќе го формира да биде независен. Ако е независен, Владата ли ќе го направи независен и повторно ќе го именува, замислете, независната Влада, не политичката и замислете повторно одлуките ќе ги потврдува независната Влада, не политичката. Ве молам, навистина аргументите не ви држат. Јас кажав, да за потреба од донесување на овој закон, да за мирно решавање на споровите, да против високите судски такси за работни спорови,

но не за вакви параинституции, не и покрај постоење на медијатори, барем за индивидуалните спорови, да се вработуваат нови посредувачи и арбитри. Колку и да сакате тоа да го кажувате, нема да успеете да не убедите затоа што навистина и вие не сте убедени. Знам и сугурна сум дека не сте убедени, затоа што ова вака ниту може да биде, ниту може да опстои. Што ќе биде после 4 години, со помирувачот и арбитарот? Многу дилеми, многу отворени прашања. Јас мислам дека треба да ја повлечете втората фаза на законот и дајте да седнеме и навистина да направиме сериозен закон. Велите ќе се основа по закон. Каде ќе биде, што ќе врши, ќе има својство на правно лице?

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклужувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за мирно решавање на работните спорови.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да ги завземат своите места.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата гласале 53, сите 53 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Почитувани дами и господа пратеници, овде ја прекинувам денешната седница. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот)